THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

GENDER AND THE JUDICIARY
in the Western Balkans

# ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ФЕМИЦИД

## Прирачник за правосудството



Во соработка со

FemPlatz
UDRUŽENJE GRAĐANKI

Д-р Слободанка Константиновиќ-Вилиќ

Д-р Невена Петрушиќ

Д-р Косана Бекер

# ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ФЕМИЦИД

## Прирачник за правосудството

**Наслов:** Постапување во случаи на фемицид – Прирачник за правосудството

**Издавач:** AIRE центар (Советување за индивидуални права во Европа)

**За издавачот:** Билјана Брејтвејт

**Авторки:** Д-р Слободанка Константиновиќ-Виliќ
Д-р Невена Петрушиќ
Д-р Косана Бекер

**Стручна рецензија:** Лејла Коњиќ Драговиќ
Д-р Мирјана Лазарова Трајковска
Мирјана Поповиќ
Д-р Наташа Габер-Дамјановска
Оливера Пејак Прокеш

**Уреднички:** Сабина Ѓапо
Вања Радевиќ

**Поддршка во подготовка на Прирачникот:** Мија Трнка

**Превод на македонски:** Зоран Гаврилоски

Оригиналната босанско/црногорско/хрватско/српска верзија е преведена на англиски, албански и македонски јазик

**©2023 AIRE центар**

**Подготовка за печат:** Кликер дизајн
**Печатено од:** Куќа Штампе Плус
**Тираж:** 500
**ISBN:** 978-1-914005-08-4

Изработката на оваа публикација е поддржана од Владата на Обединетото Кралство. Ставовите презентирани во неа не мора да ги одразуваат официјалните ставови на Владата на Обединетото Кралство.

UK Government

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

# » СОДРЖИНА


**ЗОШТО НИ СЕ ПОТРЕБНИ ОВИЕ НАСОКИ? ............................................8**

**ДЕФИНИРАЊЕ НА ФЕМИЦИД..........................................................................14**

Поим на фемицид........................................................................................ 14

Распространетост на фемицид ................................................................ 18

**КВАЛИФИКАЦИЈА НА КРИВИЧНО ДЕЛО ................................................21**

Одредби од кривични закони/законици со
кои се инкриминира лишување од живот .............................................. 21

Квалификација на кривичното дело
лишување на жена од живот (фемицид).................................................32

**ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНА ....................................................................... 58**

Одмерување на казна за фемицид ........................................................59

Одмерување на казна за фемицид во
рамката на законски пропишаната казна ...........................................60

Одмерување на казна за фемицид во
склад со целта на казнувањето..............................................................62

Одмерување на казна за фемицид преку оценување
на отежнувачки и олеснувачки околности............................................64

Идентификација и оценување на
отежнувачки и олеснувачки околности ............................................... 67

Родово освестување – пат кон родово-сензитивен
пристап при одмерување на казната ......................................................88

**ЖРТВИ И ОШТЕТЕНИ ЛИЦА................................................................... 90**

**ИМОТНОПРАВНО БАРАЊЕ.......................................................................97**

**ЛИТЕРАТУРА ..........................................................................................102**

# » Омаж за Слободанка Констатиновиќ-Вилиќ

Во момент кога работата на овие насоки веќе беше завршена, во средината на октомври 2023 година, засекогаш нè напушти д-р Слободанка Константиновиќ-Вилиќ, редовна професорка на Правниот факултет во Ниш во пензија и долгогодишна активистка на женското движење во Србија. Нејзиниот богат научен опус е сочинет од повеќе од 200 научни трудови од областа на криминологијата, виктимологијата и други теми во врска со правата на жените. Област што ја одбележа нејзината четириесетгодишна истражувачка работа е насилство врз жените. Таа во далечната 1984 година докторираше на темата „Жени убијци" и го демистификуваше процесот на виктимизација што жена која е жртва на насилство и е препуштена сама на себе си, без институционална поддршка, ја претвора во убиец. По речиси три децении посветено истражување на феноменот на насилството врз жените, таа го заокружи циклусот на истражување на насилството врз жените со монографија за фемицид, со која постави методолошка рамка за нови истражувања на таа појава. Врз основа на тие истражувања за фемицид во регионот на Западниот Балкан настанаа овие насоки. Како коавторки, но пред сè како пријателки, сакаме да изразиме длабока благодарност за сè што сме имале прилика да научиме од неа, приватно и професионално.

**Невена Петрушиќ и Косана Бекер**

# » ЗОШТО НИ СЕ ПОТРЕБНИ ОВИЕ НАСОКИ?

За фемицидот во последните години сѐ повеќе се зборува во јавноста на глобално ниво, што се пренесе и на сите држави во регионот. Меѓутоа, фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во кривичните законодавства на земјите од Западниот Балкан, освен во Северна Македонија, каде што со измена на законот од февруари 2023 година е воведен нов облик на кривичното дело тешко убиство, кој е најблизок на поимот на фемицид. Меѓутоа, со оглед на тоа што во прашање се нови измени, сѐ уште нема достапна судска пракса.

AIRE центарот во 2023 година изработи регионален извештај за одговорот на правосудствата од државите од Западниот Балкан во случаи на фемицид.[1] Извештајот е скратена и адаптирана верзија на националните извештаи кои беа изработени во сите шест држави од Западниот Балкан во текот на изминатите три години за општествениот и институционалниот одговор на фемициди и обиди за фемицид.

Националните извештаи во сите држави покажуваат одредени напредоци во однос на законодавната рамка во врска со спречување и заштита на жените од насилство, иако во секоја држава се потребни натамошни чекори во смисла на подобрување на одредени законски решенија, за да се унапреди целиот систем на превенција и заштита од насилство врз жените, а со тоа и од фемицид.

Исто така, во секоја држава постојат многубројни предизвици, посебно во врска со институционалниот одговор на насилството врз жените, како и предизвици во судската пракса, најчесто како последица на неразбирање на родовата базираност на насилството врз жените и фемицидот, што, воедно, значи дека постојат бројни можности за подобрување. Во периодот

[1] Beker Kosana, Judicial response to femicide in the Western Balkans: Legal framework and judicial practice, AIRE Centre, 2023, достапен на: https://gcjnetwork.org/wp-content/uploads/PUBLIKACIJE/regional-femicide-report-2023-eng.pdf / Бекер Косана, Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан: Правна рамка и судска пракса, AIRE центар, 2023 година, достапен на: https://gcjnetwork.org/wp-content/uploads/PUBLIKACIJE/regional-femicide-report-2023-mkd.pdf.

од 2018 до 2021 година, здружението на граѓанки „ФемПлац“ и Женскиот истражувачки центар за едукација и комуникација развија рамка за разбирање на карактеристиките, причините и облиците на фемицид во Србија,[2] што подразбираше изработка на комплетна истражувачка методологија и така беше направено првото интердисциплинарно истражување на општествениот и институционалниот одговор на фемицид во Србија.[3] Поради сличниот општествен контекст, вклучувајќи и многу распространето насилство врз жените, истото истражување е прилагодено на националните контексти и е спроведено во Црна Гора[4] и Албанија[5] во периодот од 2021 до 2022 година.[6] Потоа спроведените истражувања во Србија, Црна Гора и Албанија беа споредени и беа претставени во скратена верзија во регионален извештај за општествениот и институционалниот одговор во случаите на фемицид во овие држави.[7]

---

[2] Со поддршка од Регионалната канцеларија на UN Women (тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жени) за Европа и Централна Азија во рамките на проектот „Искоренување и превенција на фемицид во Србија“.

[3] Konstantinović-Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena, Beker Kosana, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji I, Udruženje građanki „FemPlatz“, Pančevo, 2019 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Prva_publikacija_E_primerak.pdf; Petrušić Nevena, Žunić Natalija, Vilić Vida, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji II, Udruženje građanki „FemPlatz“, Pančevo, 2019 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Druga_publikacija_E_primerak.pdf и Konstantinović-Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena, Pokušaji femicida i femicid u Srbiji: Sprečavanje i procesuiranje, Udruženje građanki „FemPlatz“, Pančevo & Niš, 2021 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf.

[4] Beker Kosana (уред.), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Crnoj Gori, SOS Nikšić, 2023 година, достапно на: https://sosnk.org/wp-content/uploads/2023/04/Drustveni-i-institucionalni-odgovor-na-femicid-u-Crnoj-Gori-1.pdf.

[5] Hysi Vasilika и др., Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Qendra për Nisma Ligjore Qytetare (Center for Legal Civic Initiatives, Центар за правни граѓански иницијативи), Tirana, 2023 година, достапно на: https://www.qag-al.org/publikime/femicidi.pdf.

[6] Здружението на граѓанки „ФемПлац“ го реализираше проектот „Реплицирање на моделот на Femicide Watch [Набљудување на фемицид] од Србија во Албанија и Црна Гора и поставување на основата за воспоставување регионален Femicide Watch“, заедно со СОС центарот од Никшиќ и Центарот за правни граѓански иницијативи од Тирана, со поддршка од Регионалната канцеларија на UN Women за Европа и Централна Азија и од ЕУ.

[7] Beker Kosana, Regional report: Social and institutional responses to femicide in Albania, Montenegro and Serbia, UN Women & „FemPlatz“, март 2023 година, достапен на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Regional-Report_Social-and-Institutional-Response-to-Femicide.pdf.

Истовремено, AIRE центарот[8] го препозна значењето на оваа тема за целиот регион на Западниот Балкан и заедно со здружението на граѓанки „ФемПлац“ спроведе истражување за правосудниот одговор во случаите на фемицид во Босна и Херцеговина, како дел од пошироките активности кои AIRE центарот ги спроведува во Босна и Херцеговина (БиХ), со цел да се зајакне примената на Европската конвенција за човекови права и нејзините стандарди. Активностите на овој проект подразбираат и соработка со највисоките судови и центрите за едукација на судии и судијки и јавни обвинители и јавни обвинителки. За истражувањето кое е спроведено во Босна и Херцеговина[9] користена е истата методологија која е користена за претходно спомнатите три држави, но ова истражување е сосредоточено исклучиво на правосудниот одговор во случаите на фемицид, односно, истражувањето не опфати други сегменти на општествениот и институционалниот одговор во случаи на фемицид. Изработено е во соработка со судии и судијки на Врховниот суд на Федерацијата на БиХ, Врховниот суд на Република Српска и Апелациониот суд на Дистриктот Брчко. Во текот на 2022 и 2023 година спроведени се преостанатите две истражувања за фемицид, за Северна Македонија[10] во соработка со Академијата за суди(јк)и и јавни обвинител(к)и и во Косово,[11]* во соработка со Уставниот суд. Овие две истражувања се однесуваат на одговорот на правосудството во случаи на фемицид, а изработени се во рамките на проектот на AIRE центарот „Родова рамноправност и борба против родово-базирано насилство и фемициди во Западниот Балкан“, што е финансиран од Владата на Обединетото Кралство.

Користењето на истата методологија овозможи споредување меѓу шесте држави од Западниот Балкан. Кога се споредуваат националните извештаи, можат да се воочат одредени разлики меѓу државите од

---

[8] Повеќе информации се достапни на: https://www.airecentre.org/the-aire-centre.

[9] Beker Kosana, Tanović Dalida (уред.), Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokušaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021, AIRE Centre, 2022 година, достапна на: https://www.airecentre.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=77975c73-9c31-4552-9a68-3013255c0d5f

[10] Габер-Дамјановска Наташа и Гајдова Габриела, Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), AIRE центар, 2023 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2023-09_femicide-report-nmk-2023-nmk.pdf

[11] Ќе биде објавено кон крајот на 2023 година./*Оваа ознака не ја прејудицира позицијата во врска со статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата во врска со Косовската Декларација за независност.

Западниот Балкан, на нормативен план и во одговорот на правосудството во случаи на фемицид, но, исто така, можат да се воочат многубројни сличности. Националните извештаи содржат подетални информации за законодавната рамка во врска со превенција и заштита на жените од насилство, а регионалниот извештај што го изработи AIRE центарот се фокусира исклучиво на фемициди и обиди за фемицид, што ги вклучува националната законодавна рамка за различни облици на убиства и судската пракса во врска со тие кривични дела, во ситуации кога сторителот е маж, а жртвата е жена. Врз основа на резултатите од националните истражувања и со обединување на резултатите од истражувањата во регионален извештај, дадени се препораки кои се релевантни за сите држави од регионот на Западниот Балкан, а специфични препораки за поединечни држави можат да се најдат во националните извештаи.

Од сите извештаи очигледно е дека е неопходно да се работи на елиминирање на системските и структурните причини за родова нерамноправност во општествата, односно, да се работи на надминување на родовите стереотипи и предрасуди, како и дека е неопходно да се работи холистички и мултидисциплинарно, со оглед на тоа што прашањето на насилството врз жените не е и не може да биде прашање на само еден систем, туку тоа е многу сложен општествен феномен што налага преземање на насочени активности. Во тој систем правосудството има многу важна улога.

Во националните извештаи, како и во регионалниот извештај, се препознава дека една од главните причини за неадекватниот одговор на фемицидот е многу слабата, неефикасна и неделотворна примена на законот. И покрај фактот дека фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во ниту една од државите од Западниот Балкан, со исклучок на неодамнешните законски измени во Северна Македонија, судиите и судијките во секоја држава имаат на располагање законски можности за адекватно процесуирање и санкционирање на родово-базирани убиства на жени. Правосудството треба посериозно да пристапи кон овој феномен, во контекст на детална анализа и разбирање на ваквите кривични дела и во склад со тоа да ја води кривичната постапка на поадекватен начин и да ги казнува сторителите согласно на тежината и последиците од извршеното кривично дело. Неадекватното казнување на родово-базираното насилство и особено фемицидот, како најтешка манифестација на родово-базирано насилство, придонесува за недоволна доверба во правосудните органи и непријавување на насилството, што, од друга страна, придонесува за повторување на насилството и овозможување тоа да кулминира.

Делотворна превенција на фемицид не е можна без адекватни ресурси за примена на законите, политиките и процедурите кои се однесуваат на превенција и спречување на насилство врз жените и родово-базирано насилство. Со оглед на тоа што човечките ресурси се најважни во овој процес, истражувањата покажаа дека на сите кои се задолжени за превенција и заштита од насилство врз жените им е потребна дополнителна обука, со цел да ги надминат постоечките предизвици, да го зголемат разбирањето на родовата базираност на насилството врз жените и да пружат подобар одговор и поддршка во ситуации на сите облици и манифестации на насилство врз жените. Тука спаѓаат и претставници и претставнички на правосудните органи, па една од препораките од регионалниот извештај се однесуваше на изработка на насоки за постапување во случаи на фемициди и обиди за фемицид, врз основа на која се изработени овие насоки. Препораката гласи:

> *Националните истражувања покажаа одредени недоследности во постапките во случаи на фемицид, посебно во поглед на правната квалификација на кривичното дело, како и утврдувањето дали се работи за родово-базирано кривично дело. Исто така, олеснувачките и отежнувачките околности многу често не биле добро утврдени. Забележени се и случаи на спогодување за признавање на вината, што семејството на жртвата го оставило „безгласно“ и без адекватна сатисфакција. Со цел да се обезбеди ефикасна, праведна и соодветна судска постапка, особено во однос на класификација на фемицидите, како и да се оствари подлабоко разбирање на овој специфичен вид на кривични дела, треба да се изработат насоки за постапување на правосудството во случаите на фемицид.*
>
> *Насоките треба да го објаснат фемицидот како дело на родово-базирано убивање на жени и да бидат прилагоден водич за правна квалификација на делото (во недостаток на посебно кривично дело) со цел да се намали правната несигурност и можните грешки во квалификацијата на ова кривично дело. Олеснувачките и отежнувачките околности треба внимателно да бидат анализирани и објаснети од родова перспектива, користејќи веќе постоечки примери од правосилно одлучени судски предмети. Насоките треба да ставаат нагласок врз примена на стандардот на должно внимание, како и да придонесат за пристап насочен кон*

*жртвата. Истрагата на случаите на фемицид, вклучувајќи го и утврдувањето на фактите во текот на кривичната постапка, треба да се спроведува внимателно и да го надмине едноставното утврдување на фактите на случајот, земајќи го предвид можното присуство на мизогиниски ставови на сторителот, физичката супериорност и доминација, нееднаквоста на силата и моќта, како и претходната историја на насилство и други релевантни факти. Исто така, насоките треба да вклучат детално објаснување на стандардите од Истанбулската конвенција во однос на отежнувачките околности, како што е пропишано во членот 46 од Конвенцијата. Покрај тоа, насоките треба да содржат дел за правилно одмерување на казната во случаи на фемицид и обид за фемицид, како и објаснување на неопходноста за построго казнување во тие случаи.*

# » ДЕФИНИРАЊЕ НА ФЕМИЦИД

## Поим на фемицид

Фемицидот е најекстремната манифестација на насилство врз жените, тоа е родово-базирано насилство врз жените, односно, машко насилство насочено кон жените затоа што тие се жени, мотивирано од омраза кон жените, презир, чувство на сопственост и надмоќност. Тоа е многу сложен општествен и, следствено, правен феномен, кој треба да се разбере на неколку различни нивоа, за да се работи адекватно на превенција на фемицид. Препознавањето на факторите на ризик за фемицид и навремената интервенција на државните органи, усогласена со утврдените факти, е најзначајната компонента на превенцијата на фемицид,[12] а ефикасниот одговор што надлежните институции треба да го дадат во случаи на насилство врз жените може значително да придонесе за спречување на фемицид. Досегашните истражувања за семејно насилство и фемицид покажаа дека фемицидот може да се предвиди во интимните партнерски односи, затоа што настанува по долгогодишно непријавено и непроцесуирано семејно насилство и непрепознаена цикличност на манифестирањето на насилството.[13]

Иако се преземени одредени чекори во таа насока, сè уште не постои меѓународно прифатена и единствена дефиниција за фемицид, а како резултат на тоа, во повеќето држави недостигаат сеопфатни статистички податоци за распространетоста на фемицидот, што значително го отежнува анализирањето и спречувањето на овој феномен. Овој проблем е препознаен и на ниво на Обединетите нации, поради што во последните години се преземени многу мерки со цел да се дефинира фемицидот и да се овозможи собирање на споредливи податоци на глобално ниво, како и потоа, врз основа на податоците, да се изнајдат адекватни правни и други решенија за да се намали бројот на фемициди во светот. По усвојувањето на Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација

[12] Pavićević, O., Glomazić. H., Ilijić, L. (2016) Femicid kao deo strukture nasilja, Temida 3-4, стр. 467.

[13] Konstantinović-Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena, Beker Kosana, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji I, Udruženje građanki „FemPlatz“, Pančevo, 2019 година.

врз жените (CEDAW, 1979 година), на меѓународно ниво се посветува сè поголемо внимание на положбата на жените, вклучувајќи и внимание на проблемот на насилство врз жените.[14] Во тој контекст, многу значајна е работата на специјалната известителка за насилството врз жените, неговите причини и последици.[15]

Во фокусот на извештајот на специјалната известителка од 2012 година беше фемицидот.[16] Во овој тематски извештај за родово-базирани убиства на жени укажано е на: порастот на родово-базирани убиства на жени во целиот свет, непостоењето на дефиниција на фемицид, користењето на различна терминологија за означување на тие убиства и на големиот недостаток на одговорност и неказнивоста за тие злосторства.[17] Во извештајот е наведено дека е неопходно да се земе предвид политичкиот, општествениот и економскиот контекст во кој се случуваат убиствата, вклучувајќи ги ставовите на мажите во однос на зајакнувањето на жените, потоа политичката, правната и општествената реакција на таквите злосторства и на континуираното насилство врз жените, обрасците на структурна дискриминација и нееднаквости кои се составен дел од животите на жените, со цел да се разбере феноменот на родово-базирани убиства на жените.[18]

Во текот на 2016 година поднесен е наредниот тематски извештај за фемицид.[19] Во него е укажано дека меѓународното право за човекови права, кое го сочинуваат и глобални и регионални инструменти за права на жените

[14] На пример, усвојување на Декларацијата на Генералното собрание на ОН за елиминација на насилството врз жените (1993 година), Виенската декларација за фемицид (2012 година), Резолуцијата на Генералното собрание на ОН за преземање мерки против родово-базираните убиства на жени и девојчиња (2013 година) и (2015 година).

[15] Поопширно: Интернет презентација на Канцеларијата на Високиот комесар на ОН за човекови права: http://www.ohchr.org/EN/Issues/Women/SRWomen/Pages/SRWomenIndex.aspx

[16] Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences Rashida Manjoo: Gender-related killings of women [Извештај на специјалната известителка за насилството врз жените, неговите причини и последици Рашида Манџу: Родово-сврзани убиства на жени], 2012 година, достапен на: http://www.ohchr.org/Documents/Issues/Women/A.HRC.20.16_En.pdf

[17] *Ibid*., параграф (пара.) 14.

[18] *Ibid*., пара. 17.

[19] Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences Dubravka Šimonović, A/71/398, 26 септември 2016 година.

и насилство врз жените, воспоставува три нивоа на обврската на државата да ги елиминира дискриминацијата и насилството врз жените, вклучувајќи го и фемицидот, како и да им гарантира на жените да имаат живот без насилство – првото ниво на одговорност се однесува на насилството извршено од државата преку нејзините институции и службеници, следното ниво е насилството врз жените извршено од недржавни чинители (приватни лица), а третото ниво на одговорност е зајакнување на жените и девојчињата со преземање мерки за обезбедување целосен развој и напредок на сите жени, особено во политичкиот, економскиот и културниот живот.[20] Специјалната известителка во овој извештај посвети посебно внимание на собирање податоци за насилството врз жените, со оглед на недостатокот на веродостојни податоци на глобално ниво за сите видови и манифестации на насилство врз жените, вклучувајќи и фемицид, па ги повика државите да воспостават механизам за следење на случаи на фемицид (*Femicide Watch*), како придонес кон превенцијата на фемицид, бидејќи на тој начин би можеле да се анализираат податоци, со цел да се откријат недостатоци во националните закони и политики.

Специјалната известителка го поднесе следниот извештај во 2021 година,[21] во кој им препорача на државите да собираат споредливи податоци за родово-базирани убиства на жени, во три широки категории: 1) фемицид во интимните партнерски односи 2) фемицид во семејството, врз основа на односот меѓу жртвата и сторителот и 3) други фемициди, во склад со локалниот контекст.[22] Укажано е да се прибираат и дистрибуираат значително повеќе податоци, но тие податоци сè уште не се споредливи, па државите се охрабрени да прибираат разделени податоци за родово-базираните убиства на жени, како и да ги анализираат и објавуваат извештаите, со цел да се обезбеди адекватно казнување на сторителите на тие убиства, сразмерно на тежината на извршеното кривично дело.[23]

Многу важна иницијатива е партнерството на UNODC (Служба на ОН за дроги и криминал) и UN Women за воспоставување на статистичка рамка за прибирање на податоци за родово-базирани убиства на жени, што е изработена во 2022 година, а служи за да се обезбеди споредливост на

[20] *Ibid*., пара. 74-77.

[21] Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences Dubravka Šimonović, 2021 година, достапен на: https://digitallibrary.un.org/record/3865936?ln=en

[22] *Ibid*.

[23] *Ibid*., пара. 8

податоците.[24] Во однос на вообичаената меѓународна класификација на намерни убиства, најпрво беше потребно да се дефинира што значи „родова базираност“ на убиството. Наведено е дека родова базираност (родова мотивираност) на убиството се однесува на основните причини кои го карактеризираат специфичниот контекст во кој се врши убиството, како што се стереотипни родови улоги, дискриминација на жени и девојчиња, нееднаквост и односи на моќ меѓу мажите и жените во општеството. Тие фактори влијаат врз сторителите кога однесувањето на жената, според нивното сфаќање, не е во склад со општествените норми и стереотипните родови улоги. Според тоа, **родовата мотивираност на убиството не се однесува на субјективната намера/мотив на сторителот, туку на основните причини за таквото однесување**. Субјективниот мотив на сторителот да го изврши кривичното дело, како што е омраза кон жените, може да биде присутен паралелно со родовата базираност на убиството.[25] Покрај тоа за да се евидентираат родово-базирани убиства на жени неопходен е стандардизиран пристап за да се издвојат овие убиства од убиствата на жените воопшто.[26] Поради тоа, **фемицидите се дефинирани како намерни убиства на жени кои биле извршени од интимни партнери, кои биле извршени од членови на семејството и кои биле извршени од други сторители, познати или непознати, на одреден начин или во специфичен контекст, што укажува на родова мотивираност на убиството.**[27]

Статистичката рамка за собирање на податоци за родово-базирани убиства на жени се состои од три блока на податоци:[28]

1) жени и девојчиња кои биле убиени од интимниот партнер (сегашни или поранешни брачни или вонбрачни партнери, мажи со кои се или биле во врска);
2) жени и девојчиња кои биле убиени од друг член на семејството (крвни сродници, сродници врз основа на брак или посвојување, без оглед дали живеат заедно во исто домаќинство или други членови на домаќинството);

---

[24] Statistical framework for measuring the gender-related killing of women and girls, UNODC и UN Women 2022 година, достапна на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/Statistical_framework_femicide_2022.pdf

[25] *Ibid*.

[26] *Ibid*., пара. 25.

[27] *Ibid*., пара. 28.

[28] *Ibid*., пара. 29-32.

3) жени и девојчиња кои биле убиени од други сторители (познати или непознати) на одреден начин или во специфичен контекст, што укажува на родова мотивираност на убиството.

Сторители во овој последен случај се лица кои се надвор од семејната сфера, на пример, лица кои имаат определен авторитет во однос на жртвата, други познати сторители, како и непознати сторители, под услов родовата мотивираност на убиството да е идентификувана според најмалку еден од следниве критериуми:

- » жртвата на убиството била претходно злоставувана/вознемирувана од сторителот (физички, сексуално, психички);
- » жртвата на убиството била изложена на нелегална експлоатација, на пример, трговија со луѓе, принудна работа или ропство;
- » жртвата на убиството била грабната или незаконски лишена од слобода;
- » жртвата на убиството работела во сексуалната индустрија;
- » жртвата била изложена на сексуално насилство пред и/или по убиството;
- » убиството било проследено со осакатување на телото на жртвата;
- » телото на жртвата било изложено на јавно место;
- » убиството било извршено од омраза, т.е. жртвата била мета на убиецот поради специфична предрасуда/омраза кон жените.

## Распространетост на фемицид

Жените претставуваат огромно мнозинство од жртвите на семејно насилство и другите облици на родово-базирано насилство, а сторителите на насилство се претежно мажи.[29]

Фемицидот, како што веќе беше наведено, претставува најекстремна манифестација на насилство врз жените, при што фемицидот во семејно-партнерските односи сочинува значителен дел од сите убиства на жени во светот, а повеќето убиства на жени и девојчиња се родово-мотивирани.

На глобално ниво, во 2021 година **околу 45.000 жени и девојчиња биле убиени од нивните интимни партнери или од други членови на семејството, што е повеќе од пет жени или девојчиња убиени секој час**

[29] Beker Kosana, Regional report: Social and institutional responses to femicide in Albania, Montenegro and Serbia, UN Women & „FemPlatz", 2023 година, стр. 35.

**во светот.** Жените и девојчињата се несразмерно погодени од насилство во приватната сфера. Имено, 56% од сите убиства на жени се извршени од интимни партнери или од други членови на семејството.[30]

Имајќи предвид дека фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во земјите од Западниот Балкан, освен во Северна Македонија од февруари 2023 година, многу е предизвикувачко, ако не и невозможно, правилно да се следат и анализираат случаите на фемицид. Официјалните национални статистики не содржат податоци за фемициди. Кога станува збор за меѓународната статистика, податоците на UNODC за жртви на намерни убиства за периодот од 2019 до 2021 година ги покажуваат следниве стапки на убиени жени (на 100.000 лица):[31]

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Албанија** | 0,91 | 0,63 | 0,84 |
| **Босна и Херцеговина** | 0,59 | 0,30 | 0,42 |
| **Косово *** | 0,35 | 0,96 | 0,36 |
| **Црна Гора** | 1,55 | 0,93 | 0,62 |
| **Северна Македонија** | 0,38 | нема податоци | нема податоци |
| **Србија** | 0,73 | 0,57 | 0,71 |

Од друга страна, податоците на *World Population Review* за стапки на фемицид за 2023 година покажуваат дека најголема стапка меѓу земјите од Западниот Балкан има Албанија (1,1), потоа Северна Македонија (0,9), Србија и Црна Гора имаат иста стапка на фемицид (0,6), Босна и Херцеговина (0,5), а податоци за Косово* не се достапни.[32]

[30] United Nations Office on Drugs and Crime, UN Women, Gender-related killings of women and girls (femicide/feminicide) [Родово-сврзани убивања на жени и девојчиња (фемицид/ феминицид)], 2022 година, достапно на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/2022-11/Gender-related-killings-of-women-and-girls-improving-data-to-improve-responses-to-femicide-feminicide-en.pdf.

[31] Податоци на UNODC за жртви на намерни убиства за периодот 2019-2021 година, достапни на: https://dataunodc.un.org/dp-intentional-homicide-victims.

[32] World Population Review објави стапки на фемицид за одделни земји за 2023 година, а прегледот е достапен на: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/femicide-rates-by-country.

За потребите на националните истражувања за фемицид, достапните податоци за убиени жени беа собрани од медиумско известување (прегледи на статии на интернет) и други достапни извори. Во табелата подолу прикажани се податоци за периодот од 2020 до 2022 година, заедно со проценетиот број на жители на крајот на 2021 година.

| | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Албанија (2,8 милиони)** | 9 | 7 | 7 |
| **Босна и Херцеговина (3,3 милиони)** | 12 | 9 | 11 |
| **Косово* (1,8 милиони)** | 4 | 3 | 3 |
| **Црна Гора (620.000)** | 1 | 2 | 2 |
| **Северна Македонија (2,1 милиони)** | 4 | 7 | 1 |
| **Србија (6,8 милиони)** | 27 | 26 | 27 |

# » КВАЛИФИКАЦИЈА НА КРИВИЧНО ДЕЛО

## Одредби од кривични закони/законици со кои се инкриминира лишување од живот

Во овој оддел посветуваме внимание на одредбите од кривичните закони/законици во Албанија, Босна и Херцеговина (Федерација на Босна и Херцеговина, Република Српска, Дистрикт Брчко), Црна Гора, Косово*, Северна Македонија и Србија, бидејќи правната рамка за формулирање на насоки се состои токму од постоечките кривично-правни решенија во наведените земји. Со оглед на тоа дека фемицидот во ниту една од наведените земји од Западниот Балкан не е инкриминиран како посебно кривично дело, освен во Северна Македонија со законските измени од 2023 година и дека во литературата под фемицид се подразбираат сите облици на родово-базирано лишување од живот на жени кои се вршат од мажи, неопходно е да се укаже на кривично-правните одредби кои се однесуваат на одредени облици на лишување од живот кои би можеле да се сметаат како фемицид и кои најчесто се појавувале во праксата.

Сите држави од Западниот Балкан ги ратификуваа главните меѓународни договори за човекови права, вклучувајќи ја и Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација врз жените (CEDAW) и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)[33] и така се обврзаа да ги спроведуваат меѓународните стандарди за превенција, сузбивање и заштита на жени и девојчиња од родово-базирано насилство.

Покрај тоа, во текот на изминатата деценија беа донесени низа закони со кои се регулираат прашањата на дискриминација и нерамноправност, како и заштита на правата на загрозените групи, вклучувајќи ги жените и некои

[33] CEDAW: Albania (1994), Serbia (2001), Montenegro (2006), списокот на потпишувања и ратификации е достапен на: https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-8&chapter=4&clang=_en; Istanbul Convention [Истанбулска конвенција]: Albania (2013), Serbia (2013), Montenegro (2014), списокот на потпишувања и ратификации е достапен на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/210/signatures.

малцински групи. Овие законски измени се однесуваат и на превенција и заштита од насилството врз жените, воглавно семејното насилство. Меѓутоа, актуелните стратешки мерки и закони и натаму не се ефикасни, сеопфатни и координирани во процесот на заштита на жените од сите облици на насилство, како што покажуваат сите национални истражувања за фемицид.

## Албанија

Во посебниот дел од Кривичниот законик на Република Албанија пропишани се одделни кривични дела, од кои некои се сврзани со семејни или интимни односи.[34] Основните прашања кои ги регулираат кривичните дела, околностите и санкциите за кривичните дела со елемент на насилство, како и другите пропишани санкции, се уредени со Кривичниот законик и Законикот за кривичната постапка на Република Албанија.[35] Кривично-правната регулатива за лишување од живот ги опфаќа следниве кривични дела:

- убиство (член 76);
- убиство со умисла во врска со друго кривично дело (член 77);
- убиство со умисла (член 78);
- убиство извршено под други квалификаторни околности, како што се: убиство на малолетно лице, лице со физички или ментален инвалидитет (попреченост), тешко болно лице или бремена жена, доколку ситуацијата на жртвата е очигледна или позната; убиство на две или повеќе лица; убиство на свиреп начин кое предизвикува особено страдање на жртвата; загрозување на животот на повеќе лица (член 79);
- убиство на член на семејството (член 79/в);
- убиство предизвикано од психичка нестабилност/непресметливост (член 82).

---

[34] Закон бр. 7895 од 27.1.1995 година – Кривичен законик на Република Албанија. Поглавјето II пропишува кривични дела против личноста, кривични дела против животот, кривични дела против здравјето, кривични дела кои ги загрозуваат животот и здравјето со прекинување на бременост или со непружање помош, кривични дела против половата слобода, кривични дела против слободата на личноста, кривични дела против моралот и достоинството, кривични дела против децата, бракот и семејството, кривични дела против слободата на вероисповедта.

[35] Закон бр. 7905 од 21.3.1995 година – Законик за кривичната постапка на Република Албанија.

Инкриминирано е и убиството со умисла на член на семејството (член 79/в), а нанесувањето на тешка телесна повреда се казнува построго ако делото било извршено спрема брачен другар или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или поранешен вонбрачен партнер, близок сродник на сторителот или во случаи кога настапила смрт (член 88/2).[36]

## Црна Гора

Кривичниот законик на Црна Гора[37] инкриминира убиство, повеќе облици на тешки убиства (член 144) и убиства со помал степен на општествена опасност (членови 145-148). Како и во другите кривични закони(ци), кривичното дело убиство е дефинирано како противправно лишување на друго лице од живот со умисла (член 143).

Квалифицирано (тешко) убиство (член 144) постои кога е извршено убиство со умисла на таков начин и под такви околности кои му даваат поголем степен на општествена опасност, што доведува до построго казнување. Според различни критериуми, овие убиства се класификуваат според начинот на извршување на делото, мотивот на сторителот, околностите на извршувањето на делото, последиците, како и особините на жртвата. Според наведените критериуми, видовите на тешки убиства се:

- убиство на свиреп и подмолен начин (точка 1);
- убиство предизвикано од безобзирно насилничко однесување (точка 2);
- лишување од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице (точка 3);
- убиство од користољубие или поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од одмазда или од други ниски побуди (точка 4);
- лишување од живот на дете или бремена жена (точка 6);
- лишување од живот на член на своето семејство или семејна заедница кого сторителот претходно го злоставувал (точка 7);
- лишување од живот на повеќе лица со умисла, а не се работи за убиство на миг, убиство на дете при пораѓање или лишување од живот од сочувство (точка 8).

---

[36] Додадено со Законот бр. 144/2013, член 18.

[37] „Службени лист РЦГ“, бр. 70/2003, 13/2004 – испр. и 47/2006 и „Службени лист ЦГ“, бр. 40/2008, 25/2010, 32/2011, 64/2011 - др. закон, 40/2013, 56/2013 – испр., 14/2015, 42/2015, 58/2015 - др. закон, 44/2017, 49/2018 и 3/2020.

Како посебен квалифициран облик на насилство во семејството или семејната заедница (член 220 став 4) пропишано е настапување смрт на член на семејството или семејната заедница поради дејствија од ставовите 1, 2 и 3 од членот 220, односно, поради примена на грубо насилство, користење на оружје, опасно орудие или друго средство кое е подобно тешко да го повреди телото или тешко да го наруши здравјето, настапување на тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето, или ако жртвата била малолетно лице.

## Федерација на Босна и Херцеговина

Во Кривичниот законик на Федерацијата на Босна и Херцеговина[38] инкриминирани се кривични дела против животот и телото: основниот облик на кривичното дело убиство (член 166 став 1) и квалифицирани облици (член 166 став 2), со кои е предвидено санкционирање на оној:

а) кој ќе усмрти друго лице на свиреп или подмолен начин;
б) кој ќе усмрти друго лице при безобзирно насилничко однесување;
в) кој ќе усмрти друго лице од омраза;
г) кој ќе усмрти друго лице од користољубие, поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или од други ниски побуди.

Квалификаторните околности, кои на основниот облик на убиство му даваат потежок, квалифициран облик за кој е пропишана потешка казна, може да се однесуваат на начинот на усмртување на друго лице, посебните околности на усмртувањето, мотивот (побудата) за усмртувањето или својството на пасивниот субјект. Кај кривичното дело убиство, усмртувањето на друго лице од омраза е квалификаторна околност за која е пропишана построга казна, а за да се утврди постоењето на оваа квалификаторна околност, потребно е да се утврди дека сторителот го убил другото лице поради неговата припадност на група со една од заштитените карактеристики (меѓу другото, пол и родов идентитет), но не и дека чувствува омраза токму кон таа конкретна жртва, туку е доволно жртвата да е одбрана поради нејзината припадност на група со една од заштитените карактеристики. Ќе се работи за ова квалифицирано дело на убиство и кога самата жртва нема одредена карактеристика, но нејзината поврзаност со лица со такви карактеристики претставува побуда за

[38] „Službene novine FBiH“, бр. 36/2003, 21/2004 – испр., 69/2004, 18/2005, 42/2010, 42/2011, 59/2014, 76/2014, 46/2016 и 75/2017.

усмртувањето.[39] Наведеното се однесува и на прописите во Република Српска и Дистриктот Брчко.

Привилегиран облик на убиство, за кој е пропишана поблага казна од казната што е пропишана за кривичното дело убиство, е убиството на миг (член 167), што постои кога сторителот во времето на извршувањето на кривичното дело бил во посебна афектна состојба, состојба на силна раздразнетост или преплашеност поради напад, злоставување или тешко навредување, поради што бил лишен од можноста трезвено да размислува и да постапува.

Како посебен квалифициран облик на кривичното дело семејно насилство (член 222) инкриминирано е предизвикување на смрт (став 5) и убиство на член на семејството[40] кого сторителот претходно го злоставувал (став 6). Иако се работи за квалифицирани облици на истото кривично дело, тие значително се разликуваат. За постоење на квалифициран облик на кривичното дело семејно насилство од член 222 став 5 потребно е смртта на членот на семејството да е предизвикана со некое од кривичните дела од ставовите 1 до 4 од тој член и во однос на смртта на оштетеното лице да постоела небрежност на сторителот. Кривичното дело семејно насилство од член 222 став 6 се врши од сторител кој усмртува член на семејството кого претходно го злоставувал. Во овој случај, усмртувањето не мора да биде извршено во времето на злоставувањето, но неопходно е сторителот спрема членот на семејството да постапувал со умисла.

## Република Српска

Кривичниот законик на Република Српска[41] ги пропишува следниве дела против животот и телото: убиство (член 124 став 1), убиство извршено под особено олеснувачки околности (член 124 став 2), тешко убиство (член 125 став 1 точки 1-9) и убиство на миг (член 126). Според начинот на извршување, тешките убиства се јавуваат во следниве облици:

---

[39] Filipović Ljiljana, Krivična djela iz mržnje i krivična djela izazivanja mržnje – Komentar relevantnih zakonskih odredaba, Misija OEBS-a u BiH, Sarajevo, 2019 година.

[40] Во смисла на член 23 ст. 2 од КЗ на ФБиХ, како член на семејството се смета и брачен и вонбрачен другар, поранешен брачен и вонбрачен другар, крвен сродник во права линија, посвоител и посвоеник, сродник во странична линија заклучно со третиот степен и сродник по сватовство до вториот степен.

[41] „Службени гласник РС“, бр. 64/2017, 104/2018 – одлука на Уставниот суд, 15/2021 и 89/2021.

» лишување од живот на свиреп или подмолен начин (член 125 став 1 точка 1);
» лишување од живот од користољубие, поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од одмазда или од други особено ниски побуди (точка 2);
» лишување од живот на член на своето семејство кого сторителот претходно го злоставувал (точка 3);
» лишување од живот при безобзирно насилничко однесување (точка 4);
» лишување од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице (точка 5);
» лишување од животот на две или повеќе лица со умисла, а не се работи за убиство на миг, убиство на дете при пораѓање или убиство извршено под особено олеснувачки околности од членот 124 ст. 2 (точка 6);
» лишување од живот на дете или женско лице за кое сторителот знае дека е бремена (точка 7);
» лишување од живот при извршување на кривично дело разбојништво или разбојничка кражба (точка 9).

Членот 125 ст. 2 пропишува дека со иста казна како за квалификуваните убиства ќе се казни сторител кој го извршил лишувањето од живот организирано или по нарачка. Посебен привилегиран облик на убиство е пропишан во членот 126 како убиство на миг, кога сторителот лишил од живот друго лице откако без своја вина бил доведен во состојба на силна раздразнетост со напад, тешко злоставување или тешко навредување од убиениот.

Кривичното дело насилство во семејството или семејната заедница (член 190) има пет облици, а како квалифициран, потежок облик е инкриминирана смртта на член на семејството или семејната заедница[42] што настанала поради кривични дела од ставовите 1-3.

[42] Како членови на семејната заедница се сметаат брачни другари или поранешни брачни другари и нивните деца и децата на секој од нив; вонбрачни партнери или поранешни вонбрачни партнери, нивните деца или децата на секој од нив; роднини по сватовство до втор степен, без оглед на фактот дека брачната заедница престанала; родители на сегашни и поранешни брачни другари и вонбрачни партнери; сродници од потполно посвојување во права линија без ограничувања, а во странична линија до четврти степен, како и сродници од непотполно посвојување; лица кои се поврзани со однос на старателство; лица кои живеат или живееле во исто семејно домаќинство, без оглед на сродството; лица кои имаат заедничко дете или детето е зачнато, иако никогаш не живееле во исто семејно домаќинство; и лица кои меѓусебно биле или сè уште се во емотивна или интимна врска, независно од тоа дали сторителот го дели или го делел домаќинството со жртвата (член 190 став 6).

## Дистрикт Брчко на БиХ

Кривичниот закон на Дистриктот Брчко на Босна и Херцеговина[43] ги пропишува следниве кривични дела против животот и телото: убиство (член 163) и во истиот член во ставот 2 пропишани се квалифицирани облици на убиства:

- лишување од живот на свиреп и подмолен начин, при безобзирно насилничко однесување;
- лишување од живот на друго лице од омраза;
- лишување од живот на друго лице од користољубие, поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или од други ниски побуди.

Како привилегиран облик на убиство пропишано е убиството на миг (член 164). Посебен квалифициран облик на кривичното дело семејно насилство (член 218) постои ако сторителот со кривично дело од некој од ставовите 1-4 на овој член предизвикал смрт на член на семејството (точка 5) и кога сторителот усмртил член на семејството кого претходно го злоставувал (точка 6).

## Косово*

Кривичниот законик на Република Косово[44] ги инкриминира следниве дела против животот и телото: убиство (член 172) и 12 облици на тешко убиство (член 173 став 1 точки 1-12). Пропишано е дека тешки облици на убиства се лишување од живот:

- на дете (точка 1);
- на бремена жена (точка 2);
- на член на семејството (точка 3);
- на свиреп и подмолен начин (точка 4);
- на друго лице и притоа загрозување на животот на едно или повеќе други лица (точка 5);
- за да се прибави имотна корист (точка 6);
- поради извршување или прикривање на друго кривично дело или спречување на тоа лице да сведочи или на друг начин да пружи

---

[43] „Službeni glasnik Brčko distrikta BiH" бр. 19/2020 – пречистен текст.

[44] „Gazeta Zyrtare e Republikës së Kosovës" [„Службен весник на Република Косово"] бр. 2/2019, Законик бр. 06/L-074.

информации на полицијата или во кривична постапка (точка 7);

- од одмазда или други ниски побуди, вклучувајќи и однос по повод сведочење или пружање информации на друг начин на полицијата или во кривична постапка (точка 8);
- на овластено лице додека тоа лице е на должност (точка 9);
- од расни, национални или верски мотиви (точка 10);
- на две или повеќе лица со умисла, освен во случаи пропишани со членовите 174[45] и 176[46] (точка 11);
- лишување од живот на друго лице по претходна осуда за убиство, освен во случаи пропишани со членовите 174 и 176 (точка 12).

Како посебен облик на убиство, во членот 174 пропишано е убиство во состојба на силна раздразнетост[47] кога сторителот лишил од живот друго лице во состојба на силна раздразнетост предизвикана без негова вина, со напад, понижување или тешко навредување од убиеното лице.

Како посебно кривично дело пропишано е делото семејно насилство (член 248). За разлика од одредбите од други закони(ци) во регионот, овој член не наведува конкретни облици, туку семејното насилство е инкриминирано како вршење на физичко и психичко злоставување или економски притисок со цел да се загрози друго лице во семејството. Во ставот 2 на овој член е пропишано дека секое кривично дело од Кривичниот законик кое е извршено во семејството се смета како отежнувачка околност.[48]

---

[45] Убиство извршено во состојба на силна раздразнетост.

[46] Убиство на новороденче при пораѓање.

[47] Во другите закони(ци) тоа убиство се нарекува убиство на миг.

[48] Исто така е пропишано (став 3-3.2) дека, во смисла на овој законик, семејно, физичко, психолошко, сексуално и економско насилство се дефинира како во одредбата од член 2 подстав 1.2 од Законот бр. 03/L-182 за заштита од семејно насилство.

## Северна Македонија

Кривичниот законик на Република Северна Македонија[49] во членот 123 став 1 го пропишува кривичното дело убиство како кривично дело против животот и телото. Во ставот 2 од истиот член наведени се потешките, квалифицирани облици на убиство, како што се лишување на друго лице од живот со умисла, извршено под посебно отежнувачки околности утврдени со закон, кои го подигаат степенот на противправност и степенот на вина на сторителот и за кои со закон е пропишана построга казна. Тој вид на убиство се разликува од обичното убиство според одредени квалификаторни околности од објективна или субјективна природа, како што се начинот на извршување, особините на жртвата, мотивите на сторителот итн.

Квалифицирани облици на убиства (член 123 став 2) се:

1. лишување од живот на друго лице на свиреп или подмолен начин;
2. лишување од живот на друго лице при вршење на семејно насилство;

2а. лишување од живот на жена или девојче до 18 години при вршење на родово-базирано насилство;

3. лишување од живот на друго лице и со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице;
4. лишување од живот од користољубие, поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или од други ниски побуди;
5. лишување од живот на друго лице по нарачка;
6. лишување од живот на женско лице за кое сторителот знае дека е бремена или лишување од живот на малолетно лице.

Како посебен облик на кривично дело (член 123 став 3) пропишано е лишување од живот на две или повеќе лица со умисла, доколку не постојат поранешни осуди за тие кривични дела и доколку не се работи за кривични дела од членот 9 став 3, членот 10 став 3 и членовите 124, 125 и 127. Во

[49] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија" број 37/96. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/2023 и 188/2023.

одделот од Кривичниот законик што регулира привилегирани убиства, покрај другите кривични дела, инкриминирани се убиство од благородни побуди (член 124) и убиство на миг (член 125).

Со одредбите на членот 122 се определува значењето на изразите употребени во Законикот. Семејното насилство е дефинирано како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не (точка 21). Родово-базирано насилство врз жените е насилство насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот (точка 43).

## Србија

Со одредбите на Кривичниот законик на Република Србија[50] (КЗ) инкриминирано е противправно лишување од живот на друго лице без посебни квалификаторни околности, т.н. обично убиство (член 113 од КЗ), повеќе видови на тешко убиство со квалификаторни околности кои го чинат потешко и општествено поопасно (член 114 од КЗ) и убиства со помал степен на општествена опасност (членови 115-118 од КЗ).

*Обично убиство* се состои од противправно лишување од живот на друго лице со умисла без квалификаторни околности кои го прават убиството потешко или без посебни околности кои го прават убиството привилегирано. *Квалифицирани (тешки) убиства* постојат кога убиството со умисла е извршено на таков начин и под такви околности кои му даваат

[50] Кривичен законик на Република Србија, „Службени гласник Републике Србије“, бр. 85/2005, 88/2005 – испр., 107/2005 – испр., 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, 94/2016 и 35/2019.

поголем степен на општествена опасност, што доведува до построго казнување.

Тие убиства натаму се делат на неколку видови, според различни критериуми:

- начин на извршување (убиство на свиреп начин, убиство на подмолен начин);
- побуди на сторителот (убиство од користољубие, убиство поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или од други ниски побуди);
- околности на извршување и последици (убиство при безобзирно насилничко однесување, убиство при извршување на кривичното дело разбојништво или разбојничка кражба, убиство со кое со умисла се доведува во опасност животот на уште некое лице и убиство на повеќе лица, доколку не се работи за убиство на миг, убиство на дете при пораѓање или лишување од живот од сочувство);
- особености на жртвата/својство на пасивниот субјект (убиство на службено или воено лице при вршење на службената должност, убиство на дете, убиство на бремена жена, убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал, убиство на судија, јавен обвинител, заменик на јавен обвинител или полициски службеник и лице кое врши работи од јавно значење во врска со работите кои тоа лице ги врши).

Како посебен вид на убиства, кои во теоријата на кривичното право се нарекуваат привилегирани, КЗ пропишува убиство на миг, убиство на дете при пораѓање, лишување од живот од сочувство и небрежно лишување од живот (чл. 115-118 од КЗ). Се работи за убиства кои се извршени под околности кои ги прават помалку опасни, па поради тоа за нив се предвидуваат казни затвор во пократко траење во споредба со обично и тешко убиство. Убиството на миг претставува лишување од живот кое е извршено од лице кое без своја вина е доведено во состојба на силна раздразнетост со напад, злоставување или тешко навредување од убиениот.

Кривичното дело семејно насилство[51] е пропишано во членот 194 и има пет облици на ова кривично дело. Дејствието на првиот, основен облик на кривичното дело се состои од неколку алтернативно пропишани дејствија на извршување: примена на насилство, закана на сторителот дека ќе нападне врз животот или телото, дрско или безобзирно однесување (член 194 став 1). Насилството може да се јави како: физичко, сексуално, психолошко, емоционално и економско. Во членот 194 од КЗ инкриминирано е физичко, психолошко и емоционално насилство. Економското насилство не е посебно инкриминирано, но во поширок контекст може да се толкува како психолошко насилство, а сексуалното насилство е инкриминирано како кривично дело против половата слобода. Треба да се укаже дека најтежок облик на кривичното дело семејно насилство постои кога насилството довело до смрт на член на семејството (член 194 став 4).

## Квалификација на кривичното дело лишување на жена од живот (фемицид)

Врз основа на утврдена фактичка состојба и законски одредби за обележјата на инкриминираното однесување, одредувањето на квалификацијата на кривичното дело претставува завршна и многу значајна компонента во работата на судот при донесување на пресудата, бидејќи од правната квалификација на делото зависи, пред сè, одредувањето на кривичната санкција за сторителот.

Според важечките закони(ци) за кривичната постапка во државите од Западниот Балкан,[52] судот не е обврзан со предлогот на обвинителството

[51] Според одредбите на КЗ (член 112 точка 28) како членови на семејството се сметаат: брачните другари, нивните деца, предците на брачните другари во права линија на крвно сродство; вонбрачните партнери и нивните деца; посвоителот и посвоеникот; хранителот и храненикот. Како членови на семејството се сметаат и браќа и сестри, нивните брачни другари и деца; поранешните брачни другари и нивните деца и родителите на поранешните брачни другари, ако живеат во заедничко домаќинство; како и лицата кои имаат заедничко дете или се очекува раѓање на заедничко дете, иако никогаш не живееле во исто семејно домаќинство. Со дефинирањето на „членовите на семејството" на овој начин, КЗ од кривично-правната заштита од семејно насилство ги исклучува поранешните брачни другари кои не живеат во заедничко домаќинство и немаат заедничко дете; и поранешните вонбрачни партнери, кои можат да живеат во заедничко домаќинство, но сепак не се сметаат како членови на семејството, како и родителите на вонбрачните партнери.

[52] Закон за кривичната постапка на Северна Македонија („Службен весник на РМ",

во поглед на правната квалификација на кривичното дело, туку самостојно, врз основа на фактичкиот опис на делото во обвинителниот акт, оценува за кое кривично дело станува збор. Битно е дека пресудата може да се однесува само на лицето кое е обвинето и само на делото што е предмет на обвинението кое е содржано во поднесениот обвинителен акт или во обвинителниот акт што е дополнет или проширен на главната расправа.

При постапување во случаи на фемициди и обиди за фемицид, кои, според кривичните законодавства, најчесто се оквалификуваат како убиство, тешко убиство, обид за убиство, обид за тешко убиство или семејно насилство квалифицирано со смрт на жртвата, кривичниот суд треба да има предвид некои специфики во врска со фемицидот и обидот за фемицид, што ќе придонесе за правилна квалификација на кривичното дело.

## Согледување на сите фактички компоненти на околностите на извршување на кривичното дело

Неопходно е кривичниот суд **да ги согледа сите фактички компоненти** кои се однесуваат на околностите на извршување на кривичното дело: време, место, начин, средство на извршување и настанати последици, вклучувајќи и детална анализа на евентуално постоење на претходно насилство.

---

бр. 150/2010, 100/12, 142/16 и 198/2018), чл. 398 ст. 2 – Објективен и субјективен идентитет); Законик за кривичната постапка на Србија („Службени гласник РС“ бр. 72/2011, 101/2011, 12/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014, 35/2019, 27/2021 – одлука на Уставниот суд (одл. на УС), бр. 62/2021 – одл. на УС, чл. 420 ст. 2 – Однос на пресудата и обвинението); Законик за кривичната постапка на Црна Гора („Службени лист ЦГ“ бр. 57/2009, 49/2010, 47/2024 – одл. на УС, 2/2015 – одл. на УС, 35/2015, 58/2015 – др. закон, 28/2018 – одл. на УС: 116/2020 – одл. на УС, чл. 369 ст. 2 – Идентитет на пресудата и обвинението); Закон за кривичната постапка на Федерацијата на Босна и Херцеговина („Službene novine FBiH“ бр. 35/2003, 56/2003 – испр., 78/2004, 28/2005, 55/2006, 27/2007, 53/2007, 9/2009, 12/2010, 8/2013, 59/2014 и 74/2020, чл. 295 ст. 2 – Врзаност на пресудата за обвинението); Закон за кривичната постапка на Република Српска („Службени гласник РС“ бр. 53/2012, 9/2017, 66/2018 и 15/2021, чл. 294 ст. 2 – Врзаност на пресудата за обвинението); Закон за кривичната постапка на Дистриктот Брчко на Босна и Херцеговина („Službeni glasnik Brčko distrikta BiH“ бр. 34/2013 – пречистен текст, 27/2014, 3/2019 и 16/2020, чл. 280 – Врзаност на пресудата за обвинението); Законик за кривичната постапка на Косово (Законик бр. 04/Л-123, 13.12.2012, чл. 360 ст. 2 – Субјективен и предметен идентитет на пресудата и обвинението).

Кривичниот суд, при прибирањето на фактите и изведувањето на доказите, треба да има предвид дека **фемицидот не е изолиран настан**. Со оглед на родовата базираност на фемицидот, потребно е да се согледа специфичноста на контекстот во кој е извршен фемицидот и евентуалната претходна историја на насилство. Притоа, кривичниот суд треба да има предвид дека претходното насилство често не било пријавувано, а тоа го покажуваат резултатите на многу истражувања. Фактот дека насилството не им било пријавувано на државните органи не укажува дека претходно не постоело насилство.

**Фемицидот не е изолиран настан**

Истражувањата покажуваат дека насилството врз жените е многу распространето, вклучувајќи и во регионот на Западниот Балкан. На пример, истражувањето на ОБСЕ (2019 година)[53] го покажа следново:

» 70% од жените доживеале некаков облик на сексуално вознемирување, прогонување, партнерско или непартнерско насилство (психичко, физичко или сексуално) од својата 15-годишна возраст;

» 45% од жените доживеале сексуално вознемирување, во живо или преку Интернет;

» 23% од жените доживеале физичко и/или сексуално насилство од интимниот партнер.

Ова истражување покажа дека во регионот на Западниот Балкан и натаму е присутно верувањето дека жените им се потчинети на мажите (брачните другари/вонбрачните партнери) и дека молчат за насилството кое им се случува.[54]

**Многу е мал бројот на пријави за насилство до полицијата**, дури и во најтешките ситуации на насилство. На пример, жените најмалку ги пријавуваат тековните партнери – во Северна Македонија

[53] OSCE-led Survey on the Well-being and Safety of Women, OSCE, 2019 година, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/2/413237_0.pdf.

[54] *Ibid*., стр. 6.

и Косово* само 2%, во Албанија – 3%, во Црна Гора – 4%, во Босна и Херцеговина – 6%, а процентот во Србија е 9%.[55]

Покрај утврдувањето на основните факти во врска со описот на кривичното дело, треба да се согледа и постоењето на физичка надмоќност на сторителот над жртвата и/или постоење на нееднаквост на моќта меѓу сторителот и жртвата, како и неговите евентуални сексистички и мизогиниски ставови кон жените. Исто така, судот треба **детално да ги утврди сите околности кои се однесуваат на жртвата на кривичното дело и односот со сторителот**, со оглед на тоа дека такви податоци најчесто нема во анализираните пресуди за фемициди и обиди за фемицид во правосудствата на Западниот Балкан. Потребно е судот да утврди која е жртвата, односно, да ги утврди сите податоци во врска со жртвата во поглед на семејниот статус, бројот на деца, живеалиштето, образованието, занимањето, вработеноста, емоционалната или другата поврзаност со сторителот и други релевантни околности, како дошло до смртта, колку години имала жртвата во моментот на настапување на смртта, дали имало сексуално насилство, каде е пронајдено телото на жртвата и други околности во врска со ситуацијата непосредно пред извршувањето на кривичното дело и во моментот на извршување на кривичното дело.

Во текот на постапката, судот може да **побара мислење од стручни лица** од областа на психијатријата, психологијата и социјалните служби за односот меѓу сторителот и жртвата пред извршувањето на кривичното дело, а со профилирање на личноста на сторителот може да се утврди дали постојат културни обрасци на мизогинија, сексизам, дискриминација и омраза кон жените.

### Квалификација на фемицидот како тешко убиство

**Имајќи го предвид фактичкиот опис на кривичното дело од обвинителниот акт**, сите околности на извршување на кривичното дело, посебно (родово-базирани) мотиви за извршување на кривичното дело, кривичниот суд треба **да го оквалификува фемицидот како облик на тешко убиство**, со оглед на тоа што фемицидот сѐ уште не е инкриминиран како посебно кривично дело, освен од неодамна во Северна Македонија.

---

[55] *Ibid*., стр. 96.

**Родово-базирани мотиви**, во контекст на извршување фемицид или обид за фемицид, се однесуваат на вкоренети ставови, како што се стереотипните родови улоги, дискриминацијата на жените и девојчињата во општеството, нерамноправноста и нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите во општеството, т.е. сето она што го карактеризира конкретниот контекст во кој се случило убиството на жената. Постоењето на тие фактори/околности може да влијае врз сторителот, односно, тие можат да бидат своевидно „чкрапало" за избувнување насилство доколку, на пример, однесувањето на жената не се вклопува во она што општеството го очекува од жените, односно, во стереотипните родови улоги.

Во овој контекст, **родово-базираните мотиви не се однесуваат на субјективната намера на сторителот** да изврши убиство на жена, туку се однесуваат на длабоко вкоренети причини и ставови во одредено општество. Субјективниот мотив на сторителот, како што е омраза кон жените, може и не мора да постои, покрај родовата базираност на самото убиство.[56]

Покрај тоа, треба да се има предвид дека фемицидот се случува во јавната и приватната сфера во различни околности, најчесто во семејството како врв на континуитетот на насилство, но и во други контексти. **Препознавањето на родовата компонента** на извршеното кривично дело, имајќи ги предвид родово-базираните мотиви сфатени на претходно објаснетиот начин, како и манифестирањето на односи на моќ, односно, нееднаквиот однос на моќ меѓу сторителот и жртвата, е многу важно при оквалификување и процесуирање на кривичните дела убиства на жени. Во оваа смисла, во случаи на фемицид и обид за фемицид, потребно е да се согледа мотивот на извршувањето. Во праксата најчесто застапени мотиви се љубомора, одмазда поради напуштање на брачната заедница или раскинување на емотивната врска, омраза поради невозвратена љубов итн.

**Анализата на судската пракса во случаите на фемицид и обид за фемицид во државите од Западниот Балкан покажа дека често не се согледува родовата базираност на убиствата на жени**, поради што

[56] Statistical framework for measuring the gender-related killing of women and girls, UNODC & UN Women, 2022, достапна на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/Statistical_framework_femicide_2022.pdf, стр. 5

тие убиства не се оквалификуваат како тешки убиства, односно, обиди за тешки убиства. Се случува и кривичното дело да се оквалификува како тешко убиство, но родовите мотиви не се согледани на адекватен начин.

**Пример:**

Судот го огласил сторителот за виновен поради кривичното дело убиство во обид (обид за убиство при вршење на семејно насилство), поради тоа што, со намера да ја лиши од живот сопругата, ја удирал во подолг временски период со кабел со должина од 70 см по главата, рацете и нозете, изговарајќи навреди и закани дека ќе ја убие и притоа ѝ нанел тешки телесни повреди. Второстепениот суд ја укинал првостепената пресуда, а по повторената постапка и врз основа на изменет обвинителен акт во поглед на правната квалификација на кривичното дело, судот утврдил дека во дејствијата на сторителот постоеле елементи на кривичното дело тешка телесна повреда. Во конкретниот случај, сторителот претходно бил осуден за кривично дело силување (жртвата била сестра на неговата сопруга) на казна затвор во траење од шест месеци. При промената на правната квалификација од потешко во полесно кривично дело, јавниот обвинител и судот не ја имале предвид родовата компонента на делото, односно, фактот дека односот помеѓу сторителот и жртвата бил конфликтен во текот на целото времетраење на бракот (38 години) и дека сторителот континуирано вршел насилство. Исто така, не бил земен предвид фактот дека, при нанесувањето на телесните повреди, сторителот ја навредувал и понижувал жртвата со мизогиниски навредливи изјави, закануvajќи се дека ќе ја убие. Ниту јавниот обвинител не покажал родова сензитивност кога не поднел жалба против одлуката за казната затвор која е одмерена во краток временски интервал од три години.

И при согледување на **начинот на извршување на убиството, како квалификаторни околности** треба да се согледаат родово-базираните мотиви.

**Пример:**

Судот го огласил обвинетиот за виновен поради тоа што тој, во состојба на намалена пресметливост што не била битно намалена, свесен за своето дело чие извршување го сакал, се обидел да ја лиши од живот својата сопруга така што му пришол на возилото во кое се наоѓала оштетената на совозачкото седиште и од пиштол од марката „ЦЗ М-70“ со калибар од 7,63 мм испукал четири куршуми во неа и ѝ нанел телесни повреди со кои го довел нејзиниот живот во опасност. Анализата на околностите кои непосредно му претходеле на извршувањето на кривичното дело го отвора прашањето за квалификацијата на делото, кое и во обвинителниот акт и во пресудата **е оквалификувано како обично убиство**, иако, врз основа на описот на дејствието на извршување и сите околности на извршување на кривичното дело во конкретниот случај, може да се заклучи дека се исполнети објективните и субјективните елементи за **квалификација на кривичното дело како тешко убиство на подмолен начин**. Анализата на овој случај покажува дека делото било внимателно осмислено, а подмолноста се манифестирала преку објективни елементи, кои вклучуваат тајно и прикриено планирање на начинот на извршување на убиството: сторителот тргнал заедно со сопругата, што не било вообичаено, ја чекал сопругата да влезе во службеното возило и веднаш по влегувањето, пред таа да ја затвори вратата од возилото, непречено ѝ пришол и пукал во неа со пиштолот. Притоа, таа во дадените околности не можела да очекува напад, ниту, пак, имала некаква можност да се одбрани. Субјективните елементи се однесуваат на постапувањето на сторителот со зла намера, користејќи однос на доверба, беспомошност на оштетената и непостоење на нејзин отпор. Меѓутоа, судот не се занимавал детално со родово-базираниот мотив на делото, не настојувал да ги дознае причините поради кои сторителот постојано ѝ се закaнувал на жртвата, настојувал да ја контролира и да управува со нејзиниот живот, што е видливо од списите на предметот, туку целото внимание го фокусирал врз самиот критичен настан, пропуштајќи да го открие насилничкиот образец на однесување на сторителот кон жртвата и природата на насилството што тој го применувал за време на бракот, манифестирајќи моќ и контрола над жртвата.

При оквалификување на фемицидот како **убиство на свиреп начин**[57] треба да се посвети посебно внимание на постоењето на објективни и субјективни елементи кои се потребни за квалификација на овој облик на тешко убиство, особено во ситуации кога со вештачење не може со сигурност да се утврди дали жртвата била свесна кога ѝ биле нанесени повредите и дали трпела болки, во кој момент изгубила свест и престанала да чувствува болка, кога ѝ била нанесена смртоносната повреда и дали кај сторителот постоело чувство на задоволство од маките на жртвата. Субјективниот елемент на свирепост произлегува од објективниот елемент, а елементите кои ја сочинуваат пресметливоста (свеста и волјата) не треба да влијаат врз свирепоста како квалификаторна околност. Ова е така особено затоа што вештак – судски психијатар не може со сигурност да процени дали кај сторителот постои чувство на задоволство поради маките на жртвата.

Во случаи кога убиството е извршено на начин што нанесува болка и страдања кои се брутални, свирепи, сурови, натпросечни, прекумерни, интензивни, треба да се претпостави дека кај сторителот има и субјективен елемент – сознание дека дејствијата што ги презема се брутални и сурови и дека со начинот на извршување на убиството ѝ нанесува болки од голем интензитет, прекумерно страдање и мачење на жртвата. Имајќи ги предвид спецификите на фемицидот, како родово-базирано убиство, во случаи кога убиството на жена е извршено на начин што предизвикува болки и страдање кои објективно се брутални, свирепи, сурови, натпросечни, прекумерни, интензивни, треба да се смета дека кај сторителот има и субјективен елемент, сознание дека дејствијата кои ги презема се брутални и свирепи и дека начинот на извршување предизвикува болка од голем интензитет, прекумерно страдање и мачење на жртвата.

---

[57] Убиство на свиреп начин постои кога сторителот ѝ нанесува прекумерни физички и психички болки на жртвата. Во кривично-правната литература е истакнато дека овој вид на убиство има објективни и субјективни обележја. Иако секое убиство на одреден начин е сурово и свирепо, овој вид на квалифицирано убиство се одликува со особено изразена свирепост, бруталност и суровост, бидејќи на жртвата ѝ се нанесуваат такви физички и психички маки, страдање и болки кои по својот интензитет ги надминуваат болките што вообичаено настануваат при лишување од живот. Во праксата на судовите во секој конкретен случај, со наод и мислење на вештаци од областа на судската медицина, се утврдува јачината и интензитетот на болките, дали болките и страдањата што ѝ биле нанесени на жртвата се брутални, свирепи, сурови, натпросечни, прекумерни, интензивни, во подолго или пократко траење, што укажува на висок степен на свирепост при лишување на жртвата од живот. Види повеќе во: Konstantinović-Vilić, S., Petrušić, N., Beker, K., Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji, „FemPlatz“, Pančevo, 2019, година, стр. 23.

**Примери:**

» Првостепениот суд го осудил сторителот за тешко убиство на свиреп и подмолен начин, со оглед на тоа дека „ја лишил од живот сопругата со 16 убодни рани со нож, во тесен простор во тоалет на ресторан од каде што таа не можела да побегне, дека таа била свртена со лицето кон напаѓачот кој држел нож, дека бранејќи се од нападот и при здобивање со секоја од наредните повреди трпела сè поголеми болки, а со тоа и сè поголем страв до степен на ужаснатост, поради чувството на изразита загрозеност на сопствениот живот, дека смртоносната повреда била нанесена меѓу последните, а обвинетиот бил свесен за тоа." Второстепениот суд ја преиначил пресудата и го огласил сторителот за виновен за кривичното дело обично убиство, а во пресудата тргнал од анализа на општиот поим на свирепост, кој се состои од кумулација на објективен и субјективен елемент. Објективниот елемент на свирепост се дефинира како нанесување на непотребни психички и телесни страдања на жртвата, значи, тешки, одвишни и прекумерни маки кои по својот квантитет и квалитет ги надминуваат границите на редовните страдања кои, инаку, се трпат при лишување од живот. Подведувајќи ја утврдената фактичка состојба под дадената дефиниција на објективниот елемент на свирепост, судот утврдил дека „првостепениот суд правилно утврдил дека жртвата во критичната прилика трпела болки со јак интензитет, дека при здобивање со секоја од наредните 16 повреди трпела сè поголеми болки и сè поголем страв до степен на ужаснатост, значи, оштетената во конкретниот случај трпела непотребни физички и психички страдања кои по својот квалитет ги надминуваат границите на редовните страдања кои, инаку, се трпат при лишување од живот, особено имајќи предвид дека смртоносната повреда со која се здобила оштетената била меѓу последните." Меѓутоа, кога е во прашање субјективниот елемент на општиот поим на свирепост, кој подразбира свест и желба на сторителот да ја мачи жртвата и неговото уживање во нејзиното мачење и во тоа што таа трпи прекумерни психички и/или физички страдања, второстепениот суд оценил дека субјективниот елемент не постоел во конкретниот случај.

Во образложението на пресудата се наведува дека иако сторителот покажал особена упорност при извршувањето на кривичното дело, на жртвата ѝ задал 16 удари, ја оставил на местото на извршување на кривичното дело и претходно планирал да го изврши кривичното дело доколку таа одбие да се помири со него, конкретните факти „не укажуваат на желба на сторителот да ја измачува жртвата со задавање на толку многу убоди, туку исклучиво го потврдуваат постоењето на неговата цврста намера да ја лиши оштетената од живот." Во прилог на тој заклучок особено „оди фактот дека убодите се зададени во низа, во состојба на зголемена емоционална напнатост со афект на бес од среден интензитет, во краток временски период, како и дека нападот на обвинетиот траел само додека жртвата се онесвестила, т.е. до нанесување на смртоносната повреда на оштетената која ѝ е зададена меѓу последните [...] Со други зборови, токму факт што нападот од обвинетиот престанал кога оштетената се онесвестила, односно, по совладување на нејзиниот отпор, во доволна мера укажува на исклучивата намера на обвинетиот да ја лиши оштетената од живот, но не и притоа да ја измачува. Во прилог на тоа оди и фактот дека секое негово дејствие било насочено исклучиво кон лишување од живот на оштетената и било континуирано преземено."

Меѓутоа, од аспект на разбирање на спецификите на фемицидот, сметаме дека судот не го оквалификувал адекватно тоа кривично дело. Имено, судот утврдил дека не постоеле субјективни елементи на општиот поим на свирепост иако, како отежнувачки околности, ги оценил токму оние околности за кои првостепениот суд утврдил дека се квалификаторни за тешко убиство (упорноста на сторителот, неговото претходно планирање да го изврши делото доколку оштетената одбие да се помири со него, особената бруталност на обвинетиот и фактот дека обвинетиот ја искористил довербата на оштетената која се согласила да влезе во тоалетот со него, каде што имала значително ограничена можност за пружање отпор). Исто така, судот при одлучувањето не разгледал дали во конкретниот случај евентуално се работело за тешко убиство на подмолен начин, со оглед на тоа што сторителот ја нападнал жртвата во тоалетот, од кој таа немала излез и поради тесниот простор не

можела да се брани, во моментот кога жртвата не го очекувала нападот, користејќи ја нејзината доверба која се засновала врз брачниот однос.

» Сторителот првостепено е осуден за извршеното кривично дело лишување од живот на свиреп начин бидејќи на главата на својата вонбрачна сопруга ставил најлонска кеса, ја врзал кесата со ластик околу нејзиниот врат и гледал како оштетената се задушува, се мачи и се бори за воздух, што довело до смрт со механичко задушување. Второстепениот суд ја поништил пресудата со образложение дека, меѓу другото, првостепениот суд недоволно ги образложил битните елементи на кривичното дело убиство извршено на свиреп или подмолен начин. Во текот на повторното судење, јавниот обвинител останал при правната квалификација од обвинителниот акт. Меѓутоа, во втората првостепена пресуда (по повторената постапка) изменета е правната квалификација на кривичното дело и сторителот е огласен за виновен за кривичното дело обично убиство и таа пресуда е потврдена. Во овој случај, судот неосновано ја променил правната квалификација и го осудил сторителот за полесно кривично дело, не согледувајќи ги сите релевантни факти: дека жртвата додека траела вонбрачната заедница била подложена на физичко и психичко семејно насилство, поради што таа се повлекла и ги прекинала сите контакти со други луѓе, како и дека начинот на извршување на убиството покажува голема доза на бруталност и свирепост, на пример, фактот дека сторителот ја гледал жртвата додека се борела за воздух итн. Првостепениот суд требало, според упатството од второстепениот суд, само подобро да ги образложи околностите кои укажуваат дека се работи за квалификувано дело на убиство – убиство на свиреп или подмолен начин, со оглед дека тоа произлегува од фактите и од околностите.

Натаму, потребно е да се посвети посебно внимание на обележјата на кривичното дело при квалификација на фемицидот како **убиство од ниски побуди**,[58] кога извршувањето на убиството е мотивирано од љубомора

[58] Во законскиот опис на кривичното дело не е наведено кои побуди се сметаат како ниски, па судот во секој конкретен случај при квалификација на кривичното дело

на сторителот. Љубомората на сторителот треба да се оцени како ниска побуда, бидејќи е израз на егоизам, поосесивен став на сторителот кон жртвата, кој ја смета жртвата како „своја сопственост“ и ги вреднува сопствените емоции повеќе од животот на друго лице. Во патријархалната култура, прељубата или сомневањето за прељуба од партнерката се

---

проценува дали побудата на сторителот на убиството била ниска. Поради тешкотии за докажување на побудата, судовите во праксата воглавно „одат по патот на претпоставување на нејзиното постоење без поконкретни согледувања, одредувања и образложувања“ (Јовашевиќ, 2017: 32). За ова во голема мера придонесуваат неконзистентните теоретски гледишта и недоволната законска конкретизација. Ставовите на теоретичарите на кривичното право во однос на дефиницијата на ниски побуди воглавно се воопштени: ниски побуди се сите оние кои се спротивни на моралот и кои се осудени од мнозинството од членовите на општеството; побуди кои не можат да бидат достојни за човекот ниту според најстрогите критериуми, побуди кои изразуваат морална нискост на сторителот и кои предизвикуваат тежок морален прекор (Стојановиќ, 2018: 443; Делиќ, 1998: 80). Изразено е мислење дека побудата може да се смета како „ниска“ доколку е високо на скалата на негативно морално вреднување, но исто така е констатирано дека е тешко да се каже каде е таа граница, така што примената на оваа норма во голема мера зависи од ставот на судската пракса (Јовашевиќ, 2017: 39). Според едно сфаќање изразено во судската пракса, убиство извршено од љубомора не може само поради таа причина да се оквалификува како убиство од ниски побуди и за таквата квалификација потребно е љубомората да биде патолошка, налудничава, невообичаена, невтемелена во реалниот живот и од неа да произлегуваат други ниски побуди како што се омраза, завист, пакост, злоба, со непомирување на сторителот поради тоа што неговата љубов не била возвратена. Постојат и сфаќања дека љубомората е ниска побуда бидејќи е егоистична, заснована врз сопствените емоции, кои се вреднуваат повеќе од животот на друго лице. Во теоријата постои сфаќање дека љубомората, сама по себе, не е квалификаторна околност, така што убиство мотивирано од љубомора кое било предизвикано од однесувањето на партнерот или партнерката не би можело да се оквалификува како убиство од ниски побуди. Меѓутоа, се наведува дека овој облик на убиство би постоел доколку маж убие друг маж за да одржува сексуални односи со неговата сопруга или за да воспостави брачна или вонбрачна заедница со неа (Стојановиќ, 2018: 443). Ваквото сфаќање, кое е изразено и во дел од судската пракса, суштински гледано, е израз на патријархалниот однос кон жената како „машки посед“. Затоа, убиството на жена од страна на нејзиниот партнер, мотивирано од љубомората на партнерот, не се смета како ниска побуда, бидејќи тоа е „неговата сопруга“, додека убиството на маж од страна на маж, кое е мотивирано од желбата за остварување интимна врска со „неговата жена“ се оквалификува како убиство од ниски побуди, токму затоа што се работи за „туѓа жена“, за туѓ „машки посед“.

доживува како узурпација која налага казна и репарација.[59] Љубомората изразена кон партнерката претставува ниска побуда, бидејќи е заснована врз желбата за поседување и присвојување, доминација и контролирање на нејзиното сексуално однесување. Во согласност со тоа, убивањето на партнерка кое е мотивирано од љубомора, без оглед на тоа што бил поводот за љубомората во конкретниот случај, треба да се оквалификува како убиство од ниски побуди. Како манифестација на моќ и посесивност, љубомората на сторителот е ниска побуда, па убиството на жена кое е мотивирано од љубомора на сторителот треба да се оквалификува како тешко убиство извршено од ниски побуди.

**Примери:**

» Сторителот е огласен за виновен за кривично дело тешко убиство (лишување од живот поради безобзирна одмазда или други ниски побуди), така што судот утврдил дека сторителот имал ниски побуди за извршување на кривичното дело, бидејќи ја лишил жртвата од живот нанесувајќи ѝ низа телесни повреди и убодни рани, поради тоа што стапила во емотивна врска со друго лице и по раскинувањето не се согласила да ја продолжи врската со сторителот. Според сфаќањето на судот, „обвинетиот не се согласил со одбивањето на оштетената да ја продолжи емотивната врска со него, велејќи дека таа ќе биде 'негова или божја', тоа бил неговиот став и побуда да го изврши ова тешко кривично дело. Таа побуда подразбира несогласување со слободата на избор на друго лице, таа е спротивна на стандардите и нормите на секое модерно и цивилизирано општество, поради што претставува ниска побуда, што укажува дека обвинетиот гледал на оштетената со потценување и омаловажување, третирајќи ја како своја сопственост. Фактот дека оштетената засновала нова врска со друг маж предизвикало љубомора кај обвинетиот, што сама по себе претставува ниска побуда. Притоа се зема предвид дека ниски побуди се сите оние побуди кои не се достојни за човекот и кои не се во согласност со прифатените морални сфаќања на општеството, како што се омраза, завист, пакост, злоба, нетрпеливост“.

[59] Simeunović Patić, B, Ubistva heteroseksualnih partnera: kriminološke i viktimološke karakteristika, Temida, бр. 1, стр. 3-13.

**Ова е многу позитивен пример на судска пракса**, а посебно е значајно тоа што судот изразил сосема јасен вредносен став спрема побудата на сторителот и децидно изјавил дека неприфаќањето на фактот дека жртвата не сакала да ја продолжи емотивната врска со него и неговиот став дека жртвата ќе биде „негова или божја“ значи „несогласување со слободата на избор на друго лице“ и е израз на негативниот однос на сторителот кон жртвата, на која сторителот, како што наведува судот, „гледал со потценување и омаловажување, третирајќи ја како своја сопственост“. За разлика од одделни случаи кои беа забележени порано во судската пракса, судот не ја сметал оваа околност како олеснувачка, туку самата љубомора на сторителот ја оквалификувал како ниска побуда, укажувајќи дека под ниски побуди се подразбираат „сите оние побуди кои не се достојни за човекот и кои не се во согласност со прифатените морални сфаќања на општеството, како што се омраза, завист, пакост, злоба, нетрпеливост“.

» Во еден предмет, сторителот е осуден за тешко убиство бидејќи во состојба на намалена пресметливост (која не била битно намалена) со директна умисла, во станот на неговата ќерка каде што живеел, ја лишил од живот својата вонбрачна партнерка од ниски побуди, така што најпрво ја удрил со тупаница, а потоа со метален чекан неколку пати со голем интензитет ѝ ја удрил главата и ѝ нанел низа смртоносни повреди. Констатирано е дека сторителот го извршил делото по раскинувањето на вонбрачната заедница и емотивната врска со жртвата, откако дознал дека таа „започнала емотивна врска со друг маж и тоа кај него довело до зголемена емоционална напнатост со чувства на љубомора, незадоволство и гнев, па предизвикало ниска побуда – желба да ја поседува жртвата целосно, и физички и психички, без разлика на нејзините чувства, а кога таа желба не му се остварила, тој донел одлука да ја лиши од живот“. Сметаме дека кривичното дело било правилно оквалификувано како убиство од ниски побуди, но ниските побуди не биле соодветно препознаени или образложени. Од образложението е очигледно дека судот сметал дека ниската побуда е предизвикана од тоа што жртвата започнала емотивна

врска со друг маж. Меѓутоа, тоа имплицира дека постапките на жртвата предизвикале ниска побуда кај сторителот, па кога таа стапила во емотивна врска со друг маж, кај сторителот се појавила желба „потполно да ја поседува“. Укажуваме дека желбата за целосно физичко и психичко поседување на партнерката не се појавила во моментот на сознанието дека жртвата на фемицид стапила во емотивна врска со друг маж, туку постоела и пред тоа и дека е израз на ставот на сторителот дека вонбрачната партнерка е негова сопственост. Понатаму, во образложението на пресудата, во однос на чувството на љубомора на сторителот поради сознанието дека жртвата е во врска со друг маж, судот утврдил дека постоела љубомора, но дека таа немала „квалитет на патолошка љубомора“ и дека тоа е причината поради која таа не претставувала ниска побуда. Во контекст на околностите на конкретниот случај, нејасно е која е границата/разликата помеѓу „патолошката“ љубомора и обичната љубомора и зошто судот не го сметал чувството на љубомора, кое сосема извесно било присутно кај сторителот, како ниска побуда. Љубомората која постоела кај сторителот, сама по себе, претставува ниска побуда бидејќи е израз на неодобрување на слободата на избор на партнерката, се заснова исклучиво врз емоциите на сторителот, таа е манифестација на родово стереотипниот став на сторителот кон партнерката, на чија личност и сексуалност тој, како маж, полагал полно право, кое жртвата му го негирала. Сосема е извесно дека културните норми се тие кои „посредуваат“ меѓу љубомората, бесот и лутината, од една страна и актот на насилство врз жртвата, од друга страна, поради тоа што жртвата стапила во емотивна врска со друг партнер, бидејќи токму тие норми поттикнуваат (или обесхрабруваат) трансформација на љубомората, бесот и лутината во насилство, вклучувајќи и извршување на фемицид.

Во врска со тоа, треба да се истакне дека во судската пракса не се препознава дека екстремната љубомора во суштина е моќно средство со кое сторителите остваруваат контрола на два различни начини. Прво, повикувајќи се на љубомора, сторителите на насилство сметаат на општественото „разбирање“ за маж кој казнува жена која го понижила. Со

тоа тие, всушност, се обидуваат да ја ублажат сопствената вина за извршеното кривично дело, потпирајќи се врз еден од најмоќните културни стереотипи. Во односот спрема сопругата/партнерката, љубомората е оправдување за искажување посесивност и директна контрола над нејзиното однесување, што се постигнува со надгледување на сè што прави таа, луѓето со кои се среќава, начинот на кој се облекува итн. Очигледно е дека судот се обидел да го согледа односот меѓу жртвата и сторителот, но не согледал адекватно дека љубомората и желбата за одмазда, поради тоа што жртвата го напуштила сторителот и стапила во емотивна врска со друг маж, биле родово-базирани побуди на тоа убиство, односно, дека тоа е типичен пример на фемицид.

Кога при извршувањето на кривичното дело тешко убиство се остварени повеќе квалификаторни околности, правната квалификација на тоа дело треба да се утврди според онаа околност која најпотполно ги опфаќа последиците кои настапиле, при што судот ќе ги земе предвид и другите околности при одлучувањето за казната.

**Пример:**

Осуденик на издржување на казна затвор ја лишил од живот својата поранешна сопруга во затворска куќичка за семејни посети, стегајќи ја со тупаници во пределот на вратот, што довело до смрт со задушување. Првостепениот суд го осудил сторителот за тешко убиство на член на семејството кого претходно го злоставувал и во образложението на пресудата навел дека сторителот, пред да го изврши кривичното дело убиство, извршил повеќе кривични дела семејно насилство за кои бил осуден. Според сфаќањето на второстепениот суд, „во дејствијата на обвинетиот не се стекнати елементите на битието на тоа кривично дело, бидејќи е потребно делото да е извршено спрема член на семејството и на убиството да му претходело злоставување, а делото да се извршува во текот на злоставувањето на членот на семејството, или во континуитет со злоставувањето, или непосредно по злоставувањето на истото

место и во истата прилика. Ако има голема временска дистанца помеѓу злоставувањето и убиството, тогаш не може да се зборува за ова кривично дело". Според оценката на судот, „иако обвинетиот два пати бил осудуван за кривичното дело семејно насилство, тоа не значи дека во дејствијата на обвинетиот се стекнале елементи на кривичното дело убиство на член на семејството кого претходно го злоставувал, бидејќи поминал подолг временски период од моментот кога обвинетиот ги преземал овие дејствија и конкретниот критичен настан, односно, постои голема временска дистанца меѓу тие дејствија и лишувањето од живот". Судот посебно го оценил фактот дека од моментот кога сторителот почнал да ја издржува казната до извршувањето на убиството „сопругата 12 пати го посетила и немало никакви проблеми, што значи дека немало злоставување". Во повторената постапка, судот го оквалификувал делото како обично убиство, иако јавниот обвинител го преиначил обвинителниот акт и го преквалификувал делото во тешко убиство (на свиреп и подмолен начин). Судот оценил дека немало елементи на тоа тешко кривично дело, со оглед на тоа што „жртвата сама го посетувала обвинетиот, тој не морал да ја моли или наговара да го посетува, што се потврдува и со изјавата на нејзината сестра дека жртвата често го посетувала во затворот". Исто така, не се стекнале елементите на кривичното дело убиство на подмолен начин бидејќи „оштетената сама го посетувала обвинетиот, тој не морал да ја моли или наговара да го посетува, што се потврдува и со изјавата на нејзината сестра дека жртвата често го посетувала во затворот". Оваа пресуда е потврдена.

Во поглед на квалификацијата на кривичното дело, евидентно е дека и јавниот обвинител и судовите се колебале. Ставот на јавниот обвинител дека се работи за убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал е прифатен од првостепениот суд при донесувањето на првата пресуда, но не и од второстепениот суд, кој ја укинал првостепената пресуда. Меѓутоа, сметаме дека ставовите на второстепениот суд не се исправни, со оглед на тоа што сторителот претходно во повеќе наврати ја злоставувал сопругата и имало правосилни осудителни пресуди за семејно насилство. Оттука, без оглед на тоа што злоставувањето не претходело непосредно пред убиството и тоа што постоела одредена временска дистанца меѓу претходно извршеното семејно насилство и убиството, постои

суштински елемент на ова кривично дело, а тоа е злоставувањето. Во однос на неприфаќањето на квалификацијата за тешко убиство на подмолен начин, сметаме дека судот не ја согледал адекватно родовата димензија на случајот, како ни фактот дека токму повеќекратните посети, кои се одвивале без насилство, создале доверба и чувство на сигурност кај жртвата, што покажува дека сторителот постапувал лукаво и препредено. Конечно, судот не го зел предвид ниту фактот дека повод за последното доаѓање на жртвата бил договор во врска со заминување во странство со нивната заедничка ќерка.

Кривичниот суд би требало при квалификување на кривичното дело **убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал**[60] да ја согледа динамиката на насилството што обвинетиот претходно го вршел врз жртвата во контекст на семејство и партнерски однос. Како што беше наведено во претходниот пример, терминот „претходно злоставување" треба да се толкува така што да опфаќа не само злоставување непосредно пред убиството, туку и во поранешниот период, имајќи предвид дека насилството во семејството и партнерскиот однос се одликува со процес на ескалација на насилството. Поимот „злоставување " треба да се толкува така што да ги опфати сите облици на физичко и психичко насилство, кои можат да се оквалификуваат како семејно насилство извршено врз жртвата пред таа да биде насилно лишена од животот.[61]

---

[60] Убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал се состои во тоа што сторителот лишува од живот некој член на неговото семејство по физичко или психичко злоставување кое траело пократко или подолго време. Станува збор за кривично дело со две дејствија бидејќи сторителот презема две дејствија кои се нужно поврзани: физичко или психичко насилство во семејството и лишување од живот на член на семејството на кој било начин и со кои било средства. За да постои ова кривично дело потребно е тоа да е извршено спрема истиот субјект и сторителот да постапувал со умисла во однос на смртната последица (Јовашевиќ, 2017:58).

[61] Едно од спорните прашања во врска со квалификацијата на кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал е прашањето дали злоставувањето кое му претходи на убиството треба да биде систематско и континуирано, или доволно е да постои „еднократно злоставување". Во теоријата се застапува ставот дека кај кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал „не е доволно еднократно злоставување, туку континуирано и систематско злоставување" (Стојановиќ, 2018:443). Сличен став е

**Примери:**

» Во образложението на второстепената пресуда е наведено дека се работи за кривично дело убиство, а не за кривично дело семејно насилство кога, при извршување на кривичното дело чија последица било лишување од живот на оштетената, постоела директна умисла кај сторителот. Во конкретниот случај никако не може да се работи за кривичното дело семејно насилство, како што се посочува во жалбата, бидејќи најтешкиот облик на кривичното дело семејно насилство постои во случај кога, како последица на делото, настапила смрт на член на семејството, каде што се работи за кривично дело кое е квалифицирано со потешка последица, така што во однос на смртта треба да постои небрежност. Првостепениот суд несомнено утврдил дека обвинетиот го сторил кривичното дело со директна умисла, со оглед на тоа што бил свесен дека со задавање на многубројни удари со дрвена цепаница со должина од 40 сантиметри, како и со повеќе силни удари со тупаници и нозе по витален дел од телото – главата, можел да ја лиши од живот оштетената и тој го сакал тоа. Тоа значи дека тој бил свесен за преземените дејствија и сакал да настанат забранетите последици во вид на лишување од живот на оштетената, а на тоа особено укажува фактот дека продолжил да пие откако ѝ задал удари на оштетената и дека не ја повикал

---

изразен и во судската пракса. Меѓутоа, беше изразено и сфаќање дека континуитет на злоставувањето не е неопходен услов (Kuirski, PARS, 23). Сметаме дека постоењето на континуитет на злоставувањето и траењето на злоставувањето во подолг временски период може да претставува отежнувачка околност, но не и услов за делото да се оквалификува како тешко убиство. Клучен аргумент за таквиот став е дека самиот поим „злоставување“ не се разликува од поимот „семејно насилство“, па како што постои кривичното дело семејно насилство кога е извршен еден акт на насилство, така и за постоење на кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал е „доволен“ и еднократен акт на физичко и/или психичко насилство врз член на семејството пред тој/таа да биде лишен/а од живот. Притоа, не е битно дали сторителот бил осуден за кривичното дело семејно насилство пред да го изврши убиството, туку битно е однесувањето на сторителот кон жртвата да ги има битните обележја на кривичното дело семејно насилство.

итната помош или најблиските соседи да ѝ помогнат. Исто така, и неговото однесување ја покажува неговата свесност и желба да ја лиши од живот оштетената бидејќи по извршувањето на кривичното дело слушал телевизија и радио од кои се емитувала музика, утрото ги поканил соседите да се напијат кафе и им рекол да не кажуваат никому за она што го виделе, а таквото негово однесување несомнено покажува дека неговото волево дејствие било насочено кон лишување од живот.

» Обвинителството поднело обвинителен акт против сторител за кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал, а првостепениот суд ја изменил правната квалификација на кривичното дело од обвинителниот акт и го огласил сторителот за виновен за сторено кривично дело семејно насилство со смртоносен исход. Во образложението е наведено дека во дејствијата на сторителот има елементи на кривичното дело семејно насилство со смртоносен исход, бидејќи сторителот немал намера да ја усмрти оштетената, „туку ја тепал и удирал како што го правел тоа во претходните години“. Сторителот бил свесен дека може да ја убие оштетената, но лекомислено претпоставил дека нема да настапи смрт „бидејќи претходно ја тепал и удирал, но оштетената секогаш ги санирала повредите и односот меѓу нив не се менувал, односно, оштетената секогаш му се враќала“. Според мислењето на судот, смртта на оштетената „не била опфатена со умисла на обвинетиот, туку со свесна небрежност“. Кантоналниот обвинител поднел жалба бидејќи судот „во конкретниот случај, не менувајќи ја фактичката состојба од обвинителниот акт, го изменил обвинителниот акт само во поглед на законскиот опис на субјективниот елемент (наместо опишаната директна умисла, вовел елементи на свесна небрежност), без да се наведат фактите кои во тој поглед даваат поблизок опис на делото. Разликата се огледа во тоа што сторителот е обвинет за кривичното дело семејно насилство – со умисла одземање на животот на член на семејството кого обвинетиот претходно го злоставувал, а описот на делото не е изменет.“ Обвинетиот со физичко насилство предизвикал смрт на жртвата, како членка на неговото семејство, која претходно,

континуирано од 2014 година до нејзината смрт, ја злоставувал, што претставува обележје на кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал. Во втората првостепена пресуда (во повторно водената постапка) задржана е истата правна квалификација на кривичното дело како во обвинителниот акт. Констатирано е дека сторителот бил свесен дека со задавање „вакви удари на жена која е психофизички послаба и немоќна да му се спротивстави, особено со оглед на тоа дека тој ја одржувал физичката кондиција тренирајќи бокс, може да ја убие жртвата и го сакал тоа, па со задавање на такви удари нанел квалифицирана тешка телесна повреда, која е опасна по животот...“ Во образложението на пресудата е наведено дека во конкретниот случај постојат сите елементи на кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал: жртвата (оштетената) и сторителот се членови на исто семејство, сторителот претходно ја злоставувал жртвата (оштетената) и во критичната прилика имал намера да ја усмрти, удирајќи ја во виталните делови од телото, значи, постоела умисла. „Умислата се изведува од фактот дека обвинетиот со стапалата на кои имал обуено патики силно ја удирал оштетената неколку пати во пределот на главата, стомакот и градите, каде што се сместени виталните органи, значи, ја удирал во виталните делови од телото, а притоа бил свесен дека со таквите свои дејствија би можел да ја лиши од живот жртвата и го сакал тоа, што значи дека постапувал со директна умисла“.

Позитивно е тоа што квалификацијата на кривичното дело е исправена во втората првостепена пресуда. Укажуваме дека не е прифатлив заклучокот на судот во првата првостепена пресуда дека „сторителот немал намера да ја усмрти оштетената“, особено затоа што судот го засновал овој заклучок врз фактот дека сторителот „претходно ја тепал и удирал (жртвата), но оштетената секогаш ги санирала повредите и односот меѓу нив не се менувал, односно, оштетената секогаш му се враќала“. Ваквото резонирање на судот би налагало да се изврши споредба со претходните насилни акти и да се испита дали дејствијата на извршување на овие дела се идентични со дејствијата на

извршување на последното насилно дело со смртоносен исход, бидејќи можно е претходните насилни дејствија да не довеле до смртоносен исход само поради чиста случајност, поради адекватен медицински третман или поради други причини. Наместо поранешното насилство на сторителот кон жртвата, кое тој континуирано го вршел, да се третира како квалификаторна околност што го прави неговото кривично дело потешко, судот ги третирал поранешните акти на насилство како околност што докажува дека сторителот немал намера да ја усмрти жртвата. Ваквиот став на судот е одраз на неразбирање на динамиката на насилството во семеен контекст, кое со текот на времето ескалира и станува сè побрутално, како што покажуваат и многубројните истражувања.

## Елиминација на влијанието на родовите стереотипи и предрасуди

Кривичниот суд треба да изврши проценка на доказниот материјал **без родови предрасуди и стереотипи** кои се однесуваат на улогата и положбата која жените ја имаат во општеството. Праксата покажува дека способноста внимателно и критички да се проценат фактите, околностите и контекстот на фемицидот, без влијание на родово-базираните стереотипи и предрасуди, е круцијална вештина на судиите и судијките кои се одговорни за правично и непристрасно спроведување на правдата.

Обидите за фемицид и фемицидите се исклучително сложени предмети, а дискриминаторските ставови и родово базираните стереотипи во правосудството можат да влијаат врз намалување на степенот на значење на делото, правичното и непристрасното судење и изрекувањето на адекватни кривични санкции. Затоа, при квалификацијата и одлучувањето за видот и висината на казната, неопходно е да се исклучат личните ставови или да се издвојат од професионалните ставови, за да се спречи можното влијание на родовите стереотипи и предрасуди врз пресудувањето.

Истанбулската конвенција ги обврзува државите да преземат неопходни мерки за промоција на менувањето на општествените и културните обрасци на однесување на жените и мажите со цел да искоренат предрасудите, обичаите, традициите и другите пракси кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жената, односно, врз стереотипни улоги на жените и мажите (член 12.1).

Државите треба да ги преземат неопходните законодавни или други мерки и да обезбедат во кривичните постапки, во секој случај на извршување кривично дело на насилство врз жените, да не се смета културата, обичаите, религијата, традицијата или т.н. чест како оправдување за ваквите дела. Тука особено спаѓаат тврдењата дека жртвата ги прекршила културните, верските, општествените или традиционалните норми и обичаи на прикладно однесување (член 42).

**Пример:**

Во еден случај, сторителот е огласен за виновен за т.н обично убиство, а по повторно водената постапка е огласен за виновен за убиство на миг (КЗ на Република Србија). Се работи за типичен случај на партнерски фемицид – убиство на вонбрачна сопруга, кое е засновано врз стереотипната родова улога на жената, од која се очекува „убаво и скромно“ однесување во патријархалната заедница. Анализата на пресудата покажува дека жртвата на фемицидот, според наводите од сторителот и некои други сведоци, се однесувала „послободно“ на свеченоста на која била со сторителот. Тоа „послободно“ однесување се огледало во тоа што испила малку повеќе алкохол, танцувала со мажи кои не ги познавала и „им се нафрлала“, како и во тоа што не престанала да се однесува така, иако тоа му пречело на сторителот.

Сфаќањето кое судот експлицитно го изразил во пресудата, сметајќи дека „грдото однесување на жртвата дури и според објективни мерила претставува тешко навредување“, е израз на сексистичките ставови што самиот суд ги има кон жените и тие јасно ги манифестираат родовите стереотипи за општествените

улоги и очекуваното однесување кое им се припишува на жените и мажите. Судот експлицитно го искажал својот став: „животна логика е дека некој чија жена – вонбрачна сопруга се однесува како што се однесувала оштетената во таа прилика и самиот би се чувствувал понижен и засрамен, а токму поради неговото субјективно чувство на пониженост и нелагодност, би имал впечаток и чувство, иако всушност можеби и не е така, дека сите гледале само во него и му се потсмевале.“ Ваквата „животна логика“, врз која судот ја заснова правната квалификација, го отсликува институционалниот сексизам и е показател дека постоечката родова хиерархија на штета на жените има цврсто упориште во институциите на системот. Пред сѐ, би било тешко да се замисли спротивна ситуација, односно, истото „грдо“ однесување на мажот не би се сметало како „тешко навредување“ на вонбрачната партнерка, туку би било толерирано и евентуално оправдано поради неговото пијанство. Меѓутоа, нема оправдување за пијанството на жената, кое несомнено влијаело врз нејзиното однесување за време на забавата – тоа е неприфатливо во патријархално општество. Несомнено е дека во секоја традиционална средина, кога однесувањето на жената отстапува од патријархалните општествени норми на однесување, тоа однесување наидува на осуда од општата јавност, но симптоматичен е заклучокот на судот дека однесувањето на жртвата објективно претставува „тешко навредување“ на сторителот, со оглед на тоа што на овој начин судот, во суштина, поддржува и промовира родово стереотипни ставови.

Од друга страна, судот воопшто не се занимавал со утврдување на однесувањето на сторителот кон жртвата пред убиството, а од целото образложение на пресудата произлегува дека делото го извршил ненасилен човек кој „пукнал“ поради однесувањето на својата партнерка, што кај него предизвикало субјективно чувство на пониженост, лутина и бес. Меѓутоа, треба да се има предвид дека ова е уште еден израз на стереотипните сфаќања за „машки бес“ и „женска провокација“, со кои се оправдуваат фемицидите. Истражувањата покажуваат дека насилствата, вклучувајќи ги убиствата, не се спонтани. Тврдењата на насилниците за наводно губење на контрола, провокација, емоционална самоодбрана и обвинувањето дека партнерката била или сакала да биде сексуално неверна се само изговори и оправдувања за насилните акти, вклучувајќи фемициди и

обиди за фемицид. Анализата на случајот покажува дека **родовите стереотипи и предрасуди на судот имале првенствено значење во толкувањето на однесувањето на жртвата и чувствата што тоа однесување ги предизвикало кај сторителот.** Ваквите родово дискриминаторски ставови влијаеле судот да го оквалификува кривичното дело како убиство на миг, иако немало временски континуитет помеѓу „тешкото навредување“ во текот на прославата и самиот фемицид, што е неопходно за да постои убиство на миг, според востановениот став на судската пракса. Имајќи предвид дека со инкриминацијата на убиство се штити животот како највисока општествена вредност, со казната затвор од седум години за убиство на миг не се постигнува ниту генералната, ниту специјалната превенција.

### Злоупотреба на огнено оружје

Неопходно е судот **да им посвети посебно внимание** на оние случаи во кои фемицидот бил извршен со злоупотреба на огнено оружје и во кои сторителот е обвинет за кривично дело на злоупотреба на огнено оружје, за да се воочи родовата компонента на поседување на огнено оружје (воглавно мажите поседуваат огнено оружје) со цел да се покаже моќ, да се изврши застрашување и да се упатат сериозни закани кон жртвата.

**Истражувања на SEESAC**[62]

Злоупотребата на огненото оружје претставува голема закана за безбедноста и благосостојбата на граѓаните на Западниот Балкан. Само во 2022 година биле убиени 129 лица, 318 лица биле ранети, а 467 лица доживеале закани со огнено оружје. **Поседувањето и злоупотребата на огнено оружје имаат силна родова компонента**, што е покажано и со истражувања.

Мажите се сторители на 98% од инцидентите кои биле извршени со огнено оружје. Тие се изложени на поголем ризик во криминален контекст, но жените се несразмерно повеќе погодени од злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство.

---

[62] Поопширно на: https://www.seesac.org/AVMP/ и https://www.seesac.org/publication/.

Истражувањата покажуваат дека на годишно ниво повеќе луѓе се убиени со огнено оружје во контекст на семејно насилство, отколку во сите други инциденти, вклучувајќи го и криминалниот контекст. Во Југоисточна Европа, **77% од сите жени убиени со огнено оружје биле убиени од машки членови на нивното семејство, најчесто поранешни или сегашни интимни партнери**.

### Воедначување на судската пракса

Би било многу корисно да се преземат **мерки за воедначување на судската пракса** во поглед на правната квалификација на обидите за фемицид и фемицидите, за да се отклонат недоследностите во казнената политика на судовите, да се избегне кршењето на уставното начело на еднаквост и загрозување на начелото на извесност во поглед на исходот на судењето, како и правната сигурност, што претставува еден од основните постулати на правната држава, начелото на владеење на правото и довербата на граѓаните и граѓанките во правосудството.

# » ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНА

Во кривичните законодавства на Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово*, Северна Македонија[63] и Србија прифатен е **казнен систем на релативно одредени казни**, кој се заснова врз две основни начела: начелото на законитост во пропишувањето и изрекувањето на казните (*nulla poena sine lege*) и начелото на судско одмерување на казната. Законот ги пропишува видовите на казни, општиот минимум и максимум за одредени видови на казни, како и посебниот минимум и максимум за секое кривично дело, оставајќи му на судот многу широки граници за одмерување на казната. На тој начин на судот му се пружа можност во конкретен случај да ја одмери казната во склад со начелото на законитост и околностите на конкретниот случај. Правилното утврдување на фактичката состојба и правилното одмерување на казната во склад со така утврдената фактичка состојба претставуваат основни задачи на судиите и судијките во кривичната постапка.

Судското одмерување на казната е круна на целокупната работа на судот. Тоа е една од најважните и најсложените судски функции, но и едно од клучните начела на политиката на сузбивање на криминалитетот, имајќи предвид дека правилно одмерените казни, во склад со општите сфаќања за правичност и сразмерност, се од клучна важност за остварување на целта на казнувањето, втемелување на легитимноста на кривичното право и зајакнување на довербата на граѓаните и граѓанките во правосудството.

Одмерувањето на казните е исклучиво задача на судот, бидејќи казните, особено казната затвор, според меѓународните и националните правни стандарди, можат да бидат изрекувани само од судовите. Во случаите на склучување спогодба за признавање на вината за кривично дело, јавниот обвинител е тој кој во преговарачкиот процес, при давање

[63] Во периодот од 2014 до 2017 година во Северна Македонија важеше Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на РМ“, бр. 199/2014), заснован врз американскиот модел на нумерички правила за одмерување на казната, со кој олеснувачките и отежнувачките околности се однапред оценети со припишување на одредени бројчани вредности, со чие собирање се доаѓа до видот и висината на казната што треба да се изрече во конкретен случај. Со одлука на Уставниот суд на Република Македонија (У. бр. 169/2016-1 од 27.09.2017 година) оценето е дека овој закон не бил во согласност со Уставот.

предлози во однос на видот и висината на казната, треба да го почитува начелото на законитост и да ги земе предвид целта на казнувањето, како и олеснувачките и отежнувачките околности. Тоа е задача и на судот кога ја оценува спогодбата за признавање на вината за кривичното дело и врз основа на спогодбата донесува пресуда.

## Одмерување на казна за фемицид

Основни критериуми од кои се раководи судот при одмерување на казна на сторителот на кривично дело се:

1) опсегот на казните кои се пропишани со закон;
1) целта на казнувањето;
2) олеснувачките и отежнувачките околности.

Судот ја одмерува казната во рамката на казната пропишана за конкретно кривично дело, имајќи ја предвид целта на казнувањето и земајќи ги предвид сите околности што влијаат казната да биде поголема или помала (отежнувачки и олеснувачки околности).

При одмерувањето на казната неопходно е судот да ја земе предвид целта на казнувањето – целта што треба да се постигне со примена на казната. Покрај општата цел на казнувањето, која се огледа во сузбивање и заштита на општеството од криминал, целта на казнувањето е да влијае врз сторителот да не извршува кривични дела во иднина – *индивидуална (специјална) превенција, да влијае врз други лица да не извршуваат кривични дела – генерална превенција, но не треба да се занемари и ретрибутивниот карактер на казната, чија содржина се одредува преку начелото на праведност и начелото на сразмерност.*

Истражувањата покажуваат дека постои нескладност меѓу изречените казни и законски пропишаните казни. Често се истакнува дека криминалната политика на судовите е премногу „блага“ и дека одговорот на кривично-правниот систем во однос на родово-базираното насилство, вклучувајќи го и фемицидот како негов најтежок облик, не е јасен и доследен и не го остварува ефектот на специјална и генерална превенција. Во дел од судската пракса може да се забележи тенденција на поблаго казнување за фемицид и за обид за фемицид, дури и во оние случаи кога бил избегнат смртоносен исход само поради чиста случајност. Резултатите од истражувањата кои се спроведени во земјите од Западниот Балкан покажуваат дека судовите ретко им изрекуваат максимални казни на сторителите на фемицид

(доживотен затвор, долготраен затвор) и дека има многу случаи во кои судовите изрекле казни до 10 години затвор.[64] Дел од причините за ваквата состојба се пропустите на судовите при квалификацијата на фемицидот, за што веќе стана збор, како и при идентификацијата и оценувањето на отежнувачките и олеснувачките околности.

Правилно одмерената казна за фемицид подразбира:

1) казната да се движи во границите на казната пропишана за извршеното кривично дело, имајќи ја предвид правната квалификација на извршениот фемицид;
2) казната целосно да ја исполнува целта на казнувањето; и
3) казната да е праведна, во смисла на општото сфаќање на правичноста на изречените казни и да е сразмерна во однос на тежината на кривичното дело и степенот на вината на сторителот.

## Одмерување на казна за фемицид во рамката на законски пропишаната казна

> **За адекватно казнување на сторителот на фемицид, од примарно значење е да се изврши правилна квалификација на случајот на фемицид**

Фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело, освен во Северна Македонија од февруари 2023 година, туку се оквалификува како убиство, квалифицирано (тешко) убиство или друго кривично дело со кое во одредено законодавство е инкриминирано лишувањето од живот. Големи се разликите меѓу законски пропишаните казни за одредени кривични дела со кои е инкриминирано лишувањето од живот. Така, на пример, минималната и максималната казна за т.н обично убиство се далеку помали од минималните и максималните казни за квалификуваните облици на убиства. Тоа се однесува и на обидите за фемицид, бидејќи казната за обидот за извршување на кривично дело се одредува во границите на казната пропишана за тоа дело, со тоа што сторителот може да биде поблаго казнет.

[64] Поопширни објаснувања има во националните извештаи за процесуирање на случаи на фемицид и обиди за фемицид во праксата на судовите во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија.

Даваме компаративен преглед на казните кои се закануваат за т.н обични и квалификувани убиства:

| Казни чие изрекување се заканува | | |
|---|---|---|
| **Албанија** | Обично убиство | 10-20 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 20 години затвор или доживотен затвор |
| **Босна и Херцеговина (Федерација на БиХ)** | Обично убиство | 5-20 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (21-45 години) |
| **Босна и Херцеговина (Република Српска)** | Обично убиство | 5-20 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |
| **Босна и Херцеговина (Дистрикт Брчко)** | Обично убиство | најмалку 5 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (21-45 години) |
| **Црна Гора** | Обично убиство | 5-15 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (30-40 години) |
| **Косово*** | Обично убиство | најмалку 5 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |
| **Северна Македонија** | Обично убиство | најмалку 5 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |
| **Србија** | Обично убиство | 5-15 години затвор |
| | Квалифицирано убиство | најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |

Имајќи го ова предвид, како и фактот дека судот мора да се движи во границите на законскиот опсег на казните, казната што судот ја изрекува за фемицид првенствено зависи од тоа како е оквалификуван случајот на фемицид.

Истражувањата покажуваат дека постојат големи предизвици во правосудната пракса во однос на правната квалификација на родово-базираните убиства на жени, што беше дискутирано во претходниот оддел. Имајќи ги предвид (оправдано) големите разлики во законски пропишаните казни за одредени кривични дела со кои се инкриминира лишување од живот, пропустите на судовите да ги оквалификуваат случаите на фемицид како потежок облик на убиство непосредно влијаат врз спроведувањето на адекватна казнена политика на судовите во доменот на родово-базираните убиства на жени. Поблагата квалификација на случај на фемицид во ситуации кога постојат сите елементи за потешка квалификација е исклучително штетна. Таквиот пропуст го доведува во прашање исполнувањето на должноста на судот да ги санкционира сторителите на фемицид со казни кои се делотворни, сразмерни и одвраќаат од вршење на фемицид и со тоа да испрати порака до јавноста дека сторителите ќе се соочат со сериозни последици за нивните постапки, па така да влијае врз други да не го извршуваат ова кривично дело.

## Одмерување на казна за фемицид во склад со целта на казнувањето

**Само со адекватно казнување на сторителите на фемицид може да се оствари генерална и специјална превенција**

Целта на казнувањето во случаите на фемицид и обид за фемицид е да се постигне генерална и специјална превенција во областа на родово-базирани убиства на жените. Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство од 2011 година (Истанбулска конвенција) утврдува обврска на државите-членки да ги преземат неопходните мерки за промовирање на промени во општествените и културните обрасци на однесување на жените и мажите со цел да се да се искоренат предрасудите, обичаите, традициите и другите пракси кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените, односно, врз стереотипните улоги на жените и мажите.

**Подигање на свесноста**

Договорните страни ќе промовираат, односно, спроведуваат редовно и на сите нивоа, кампањи/програми за подигање на свесноста, вклучувајќи и соработка со државните институции за човекови права и телата за родова рамноправност, граѓанското општество и невладините, посебно женските организации, кога тоа е соодветно, со цел да се подигне свесноста и разбирањето на пошироката јавност за различни манифестации на сите видови насилства кои се опфатени со Конвенцијата, нивните последици во однос на децата и потребата да се спречи таквото насилство.

Член 13 став 1 од Истанбулската конвенција

Правосудството има важна улога во исполнувањето на оваа обврска, во согласност со начелото на владеење на правото. Судските одлуки се важна алка во примената на општествените норми и однесувања кои се засновани врз почитување на човековите права и рамноправноста на жените и мажите. Благодарејќи на нивниот авторитет, судовите се способни да влијаат врз создавање на средина која се спротивставува на секој вид на родово-базирано насилство врз жените, вклучувајќи и фемицид и обид за фемицид. Затоа, судовите мора да бидат свесни за нивната улога и одговорност на полето на делотворна превенција на фемицидите и обидите за фемицид.

При санкционирањето на фемицид, треба да се има предвид дека Истанбулската конвенција ја утврдува должноста на државите-членки да обезбедат кривичните дела на насилство врз жените да се **санкционираат со казни кои се делотворни, сразмерни и одвраќаат од натамошно вршење на кривични дела.**

**Санкции и мерки**

Договорните страни ќе ги преземат неопходните законодавни и други мерки за да обезбедат кривичните дела од Конвенцијата да бидат казниви со санкции кои се делотворни, сразмерни и

одвраќаат од вршење на кривични дела, земајќи ја предвид нивната сериозност. Овие санкции опфаќаат, кога тоа е соодветно, и казни кои вклучуваат лишување од слобода што може да доведе до екстрадиција.

Член 45 од Истанбулската конвенција

Делотворноста на казните за фемицид подразбира дека со изрекување казна за родово-базирано убиство на жени се влијае врз **промена на патријархалната матрица на моќ, доминација и контрола и се подига свесноста на јавноста за фемицидот како родово-мотивирано убиство на жени**, кое има своја основа во неприфатливите општествени обрасци на однесување кои се засновани врз дискриминација на жените и нивната подредена положба во општеството. Имајќи ја предвид надлежноста и лидерската улога на судовите во промовирањето на пожелни норми на однесување во општеството, неопходно е при одмерувањето на казната за фемицид, во согласност со начелото на владеењето на правото, судовите да ја имаат предвид потребата со казната, како социјално-етички укор што општеството го упатува до сторителот на кривично дело, јасно да се изрази општествена осуда на фемицидот и да се испрати порака до јавноста дека сторителите ќе се соочат со сериозни последици за нивните постапки и дека секој вид на однесување кое е засновано врз идејата за машка супериорност е неприфатливо.

Казните во случаите на фемицид треба да бидат ***праведни и сразмерни*** во однос на тежината на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност (вината) на сторителот. Само казната што е одредена со почитување на начелото на праведност и начелото на сразмерност може да влијае воспитно врз сторителот на фемицидот, како и врз другите лица и да ја зајакне свесноста на граѓаните за опасностите од фемицид и за праведно казнување на сторителот.

## Одмерување на казна за фемицид преку оценување на отежнувачки и олеснувачки околности

Одмерување (индивидуализација) на казната подразбира должност на судот, во границите на казната што се пропишани за одредено кривично дело, да ја одмери казната што му се изрекува на сторителот, прилагодувајќи ја на карактеристиките на сторителот и околностите кои се однесуваат на извршувањето на кривичното дело. Инструмент

што првенствено служи за остварување на таа цел се олеснувачките и отежнувачките околности.

Олеснувачки и отежнувачки околности се околности кои се однесуваат на сторителот, како човечко и општествено битие, но и на кривичното дело, а кои влијаат казната изречена во конкретен случај да биде поблага или построга. Олеснувачките и отежнувачките околности се разликуваат од т.н квалификаторни околности, кои се конститутивен елемент на битието на кривичното дело. Според тоа, доколку се земе предвид една околност при пропишувањето на казната во законот, таа не може да се земе предвид при судско одмерување на казната (начело на забрана на двојно вреднување).

Меѓутоа, треба да се има предвид дека, под одредени услови, квалификаторната околност може да се земе истовремено и како отежнувачка, односно, олеснув ачка околност. Таквата можност постои во следниве ситуации:

1) Ако природата на околноста е таква што таа може да се појави во потежок и полесен облик, а во конкретен случај ја надминува мерата што е потребна за постоење на кривично дело или одреден облик на кривично дело;
2) Ако постојат две или повеќе квалификаторни околности, а само една од нив е доволна за постоење на потежок или полесен облик на кривичното дело, околноста која во конкретниот случај не била земена како квалификаторна може да биде земена како отежнувачка околност.

**Примери:**

Ако фемицидот е оквалификуван како облик на тешко убиство – убиство на свиреп начин, а побуда за ова убиство е одмазда на сторителот кон жртвата на фемицидот која го напуштила, оваа побуда може да се оцени како отежнувачка околност.

Ако фемицидот е оквалификуван како облик на тешко убиство – убиство од ниски побуди, бидејќи мотивот за извршување на делото бил љубомора, а сторителот го извршил делото на свиреп начин, предизвикувајќи ѝ на жртвата прекумерни и непотребни физички и психички страдања и болки со голем интензитет и манифестирајќи ја својата злосторничка волја, околноста дека фемицидот бил извршен на свиреп начин може да се земе како отежнувачка околност.

Во поглед на законското регулирање на олеснувачките и отежнувачките околности, во законодавствата е применет различен пристап. Во КЗ на Црна Гора, КЗ на Федерацијата на Босна и Херцеговина, КЗ на Република Српска, КЗ на Дистриктот Брчко на БиХ, КЗ на Северна Македонија и КЗ на Република Србија наведени се само, на пример, околностите кои судот треба да ги земе предвид при одмерувањето на казната, но тие не се класифицирани како отежнувачки и олеснувачки околности. Во КЗ на Албанија се утврдени два посебни списоци на отежнувачки и олеснувачки околности кои се таксативно наведени, а во КЗ на Косово* класифицирани се олеснувачки и отежнувачки околности кои влијаат врз одмерување на казната, но тие не се наведени таксативно, туку само како примери.

Список на отежнувачки околности е содржан во Истанбулската конвенција и тој се однесува на сите акти на родово-базирано насилство. Од државите се очекува да ги преземат неопходните законодавни или други мерки за да обезбедат околностите, доколку тие веќе не се составен дел на кривичното дело, да можат, во согласност со соодветните одредби на националното законодавство, да се сметаат како отежнувачки околности при утврдувањето на казните за кривичните дела опфатени со Конвенцијата.

**Преглед на отежнувачки околности**

» кривичното дело било извршено спрема поранешниот, односно, сегашниот брачен другар или вонбрачен партнер во согласност со одредбите од националното законодавство; од член на семејството; од лице кое живее заедно со жртвата; или од лице кое го злоупотребило својот авторитет;

» повторно извршување на кривичното дело, односно, сродни кривични дела;

» кривичното дело било извршено спрема лице кое поради одредени околности станало ранливо;

» кривичното дело било извршено спрема дете или во присуство на дете;

» кривичното дело било извршено од две или повеќе лица кои дејствувале заедно;

» - на кривичното дело му претходело или по него следело екстремно насилство;

» - кривичното дело било извршено со употреба на оружје или со закана за употреба на оружје;

» - кривичното дело ѝ предизвикало сериозни физички или психолошки последици на жртвата;

» - сторителот претходно бил осудуван за кривични дела од слична природа.

Член 46 од Истанбулската конвенција

При одмерување на казната за родово-базирани убиства на жени, секогаш треба да се испита дали во конкретниот случај постои некоја од отежнувачките околности кои се утврдени во Истанбулската конвенција, имајќи ја предвид нејзината важност од аспект на борбата против родово-базираното насилство врз жените.

## Идентификација и оценување на отежнувачки и олеснувачки околности

Анализата на судската пракса во процесуирањето на фемицид разоткри бројни предизвици во поглед на препознавање и оценување на значењето на отежнувачките и олеснувачките околности за висината на казната. Во некои пресуди наведени се само олеснувачките околности, иако од списите на предметот е очигледно дека постојат и отежнувачки околности. Понекогаш некои околности по автоматизам се земаат како олеснувачки или отежнувачки, без согледување на поширокиот контекст, односно, околностите кои се однесуваат на однесувањето на сторителот пред, во текот и по извршување на кривичното дело, како и фактите кои се однесуваат на извршување на самото дело. Во некои судски предмети не се препознаени или оценети отежнувачките околности или тие се земени како олеснувачки околности, кои во контекст на случајот не би требало да имаат таков третман. Од друга страна, влијанието на некои отежнувачки

околности е минимизирано, а на некои олеснувачки околности им е придадено преголемо значење. Крајниот исход на таквите пропусти во одделни судски предмети е казнување на сторителите на фемицид со казна која не е адекватна од аспект на нејзината делотворност, правичност и сразмерност.

Со цел да се унапреди судската пракса, формулирани се неколку насоки за идентификација и правилно оценување на отежнувачки и олеснувачки околности во случаи на фемицид.

> **Потребно е навремено да се приберат и внимателно да се разгледаат сите факти кои во конкретен случај на фемицид потенцијално би можеле да имаат значење на отежнувачки и олеснувачки околности**

При идентификување на отежнувачки и олеснителни околности, корисно е судот да има предвид неколку групи на околности кои треба да се разгледаат:

1) околности кои се однесуваат на личните прилики на жртвата;
2) околности кои се однесуваат на личните прилики на сторителот;
3) околности кои се однесуваат на постоечките односи на моќ меѓу жртвата и сторителот;
4) околности во однос на контекстот на самото кривично дело и последиците што тоа ги предизвикало врз жртвата и оштетениот;
5) околности кои се однесуваат на средствата и начинот на извршување на делото.

Треба да се истакне дека предмет на докажување на главната расправа се олеснувачките и отежнувачките околности кои се однесуваат на степенот на вина, побудата и околностите под кои е извршен фемицид или обид за фемицид, јачината на повредата или загрозувањето на заштитеното добро и слично, кои се сврзани со извршеното кривично дело. Меѓутоа, тоа не е случај во повеќето правосудни системи на државите од Западниот Балкан, кога се работи за околности сврзани со личноста на сторителот, како што се неговите лични прилики, вработеноста, нивото на приходи итн. Во однос на овие факти, најчесто се подарува верба на исказот на сторителот, што не е адекватен пристап.

**Отежнувачките и олеснувачките околности треба да се согледаат во контекст на фактите кои се однесуваат на конкретното кривично дело и сторителот, бидејќи тоа е предуслов казната да биде делотворна, праведна, сразмерна и да оствари превентивен ефект**

Секоја потенцијално олеснувачка или отежнувачка околност треба да се оценува во контекст на фактите кои се утврдени во текот на постапката, а се однесуваат на сторителот или извршеното кривично дело. Една иста околност во некој случај може да се смета како олеснувачка околност, а во друг случај како отежнувачка околност. Така, на пример, ако фемицидот е извршен во присуство на малолетни деца, неприфатливо е фактот дека сторителот е „семеен човек“ или „татко на малолетни деца“ да се смета како олеснувачка околност, туку таа околност треба да се оцени како отежнувачка околност.

**Должност на судот е правилно да го оцени и образложи влијанието на олеснувачките и отежнувачките околности врз висината на казната**

Во праксата се среќаваат судски одлуки чии образложенија во делот што се однесува на казната содржат само парафраза на законскиот текст, без да се наведат решавачките причини кои влијаеле врз висината на казната. Има и пресуди во кои не се наведени ниту олеснувачки, ниту отежнувачки околности, па останува нејасно што влијаело судот да ја изрече казната што ја изрекол, а тоа може да биде причина за изјавување жалба. Во пресудите често недостасуваат солидни образложенија за начинот на кој судот ги ценел олеснувачките и отежнувачките околности, односно, какво значење им придал при одмерувањето на казната за конкретно кривично дело, во контекст на целокупната фактичка состојба.

Таквата пракса е повеќекратно штетна, не само од аспект на повреда на правото на обвинетиот на образложена судска одлука. Имено, ниту сторителот, ниту оштетениот не можат да се стекнат со уверување дека судот правилно ја одмерил казната, што е предуслов да ја доживеат како казна која ја задоволува правдата. Од друга страна, неопходно е да се даде солидно образложение за да може второстепениот суд правилно да одлучи по евентуална жалба против одлуката за казната, бидејќи судот тогаш испитува дали првостепениот суд правилно ја одмерил казната, земајќи ја предвид оценката на отежнувачките и олеснувачките околности кои влијаеле казната да биде поголема или помала. Поради тоа, неопходно

е судот во пресудата да пружи добро аргументирано образложение за релевантните олеснувачки и отежнувачки околности кои влијаеле врз одлуката, вклучувајќи ги и причините поради кои одредена околност ја оценил како олеснувачка или отежнувачка.

Постоење на предизвици со кои се соочуваат судовите во идентификувањето и оценувањето на отежнувачките околности е утврдено врз основа на истражување на праксите на судовите во процесуирањето на случаите на фемицид во државите од регионот, од кои се земени примери на добра и лоша пракса, кои ги наведуваме за илустрација.

> **При одмерувањето на казна за фемицид, како отежнувачка околност мора да се оцени фактот дека фемицидот бил извршен спрема поранешна или сегашна сопруга или вонбрачна партнерка на сторителот или врз членови на нивните семејства, односно, спрема лице со кое сторителот се наоѓал во емотивна или сексуална врска**

Во образложенијата на пресудите не се спомнува постоењето на лични и семејни односи меѓу сторителот и жртвата како посебна отежнувачка околност. Заеднички елемент што ги поврзува наведените лични и семејни односи меѓу сторителот и жртвата е постоењето на однос на доверба кој е злоупотребен од сторителот, што во случаите на обид за фемицид е поврзано и со специфичната емоционална штета што жртвата ја трпи. Треба да се има предвид дека постоењето на некој од наведените лични или семејни односи помеѓу сторителот и жртвата само по себе укажува на поголем степен на тежина и опасност од извршеното кривично дело, но и на поголем степен на вина на сторителот. Затоа, постоењето на таков однос мора да се оцени како отежнувачка околност, доколку природата на врската помеѓу сторителот на фемицидот и жртвата во конкретниот случај не била еден од елементите за потешка квалификација на делото (на пример, убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал).

> **Односот на надреденост и подреденост меѓу сторителот и жртвата треба да се оцени како отежнувачка околност**

Фемицидот е манифестација на однос на моќ, а во случаи на лишување од живот на лице над кое сторителот има авторитет и во однос на кое е во надредена положба (работодавач, наставник и сл.), сторителот ја злоупотребува својата положба и однос на доверба, што укажува на

поголем степен на тежина и опасност на извршеното кривично дело, но и на поголем степен на вина на сторителот.

### Позицијата на моќ и авторитет на сторителот треба да се оцени како отежнувачка околност

Во праксата како отежнувачка околност најчесто не се оценува околноста дека сторителот на фемицид ја користел својата моќ која е заснована врз неговата општествена и професионална позиција, иако таа околност ја засилила моќта и контролата над жртвата. Затоа, на оваа околност треба да ѝ се придаде значење на отежнувачка околност.

**Пример:**

Второстепениот суд ја преиначил одлуката за казната и на сторителот му изрекол казна затвор во пократко траење бидејќи оценил дека првостепениот суд, меѓу другото, како отежнувачка околност го сметал и фактот дека сторителот бил полициски службеник. Според мислењето на второстепениот суд, „обвинетиот го извршил кривичното дело како цивилно лице во рамките на решавање на односот меѓу него и неговата сопруга, не бил во служба или на полициска задача, што во тоа време би му налагало посебни обврски".

При одмерување на казната, судот како отежнувачка околност не го согледал фактот дека сторителот бил полицаец кој го извршил кривичното дело со службен пиштол.

### Поранешната осудуваност на сторителот (поврат) во случаите на фемицид треба да се третира како отежнувачка околност, а при оценувањето на нејзиното влијание врз казната треба во предвид да се земат објективните и субјективните обележја на кривичните дела за кои сторителот порано бил осуден, што налага потреба судот да оствари непосреден увид во пресудата/пресудите со која/кои сторителот порано било осуден

Истражувањата покажуваат дека е релативно голем бројот на сторители на фемицид (околу 30%) кои порано биле осудувани. Анализата на пресудите во случаите на фемицид покажува дека судовите по автоматизам

ја наведувале поранешната осудуваност на сторителот како отежнувачка околност, лаконски наведувајќи дека ја ценеле поранешната осудуваност на сторителот. Прибирањето на податоци за поранешната осудуваност главно се сведува на прибавување извештаи од казнената евиденција, но не се прибавуваат пресудите со кои сторителот порано бил осуден. Тоа оневозможува да се стекнат сознанија за околностите на порано извршените кривични дела, жртвите на кривични дела, побудите за извршување на делата и сл. Заради таквиот пристап, често не се согледува значењето на поранешната осудуваност, во контекст на бројот и природата на кривичните дела за кои сторителот порано бил осуден, фактите кои се однесуваат на жртвите на поранешните кривични дела, начинот на извршување на делата, времето што поминало од извршувањето на делата, од поранешната осудуваност, односно, од изречената, простената или застарената казна, ослободувањето од казна, отповикувањето на условната осуда и слично, до извршувањето на фемицидот. Сепак, постојат и примери на добра пракса.

**Примери:**

**Правилно оценување на поранешната осудуваност на сторителот**

Судот му изрекол казна затвор во траење од 30 години на сторител кој ја лишил од живот својата сопруга, правилно оценувајќи го фактот дека сторителот на фемицид и порано бил осуден за кривични дела со елементи на насилство, како и фактот дека изминал краток временски период во однос на порано извршените кривични дела и издржаната казна што, како што е наведено во пресудата, „укажува дека обвинетиот е склон кон вршење на кривични дела со елемент на насилство и дека кривичните санкции не влијаеле позитивно врз обвинетиот да престане да врши кривични дела".

По жалба од јавното обвинителство, второстепениот суд ја преиначил одлуката за казната и на сторител, кој насилно ја лишил од живот мајка си, му изрекол казна затвор од 15 години наместо 13 години бидејќи, според него, првостепениот суд „не го ценел во доволна мера фактот дека обвинетиот повеќе пати бил осудуван за кривичното дело семејно насилство, и за основниот и за квалификуваниот (тешкиот) облик, што било извршено токму спрема оштетената, неговата мајка".

Судот на сторител на фемицид му изрекол казна затвор во траење од 40 години, земајќи го предвид, меѓу другото, како отежнувачка околност, фактот дека поранешниот живот на сторителот упатувал на склоност кон извршување на кривични дела, дека тој бил осудуван четири пати за кривично дело семејно насилство кое било извршено спрема истата оштетена, така што овој случај, според оценка на судот, „не бил случајна епизода во неговиот живот“.

**Пропуст на судот да ја земе предвид поранешната осудуваност на сторителот за кривични дела извршени врз жртвата на фемицид како отежнувачка околност**

Судот пропуштил како отежнувачка околност да го земе предвид фактот дека сторителот порано, за кривично дело семејно насилство извршено врз жртвата на фемицид, бил осуден на условна казна затвор во траење од два месеци, чие извршување било одложено за една година доколку тој во спомнатиот период не изврши ново кривично дело.

Судот при одмерувањето на казната пропуштил како отежнувачка околност да го земе предвид фактот дека сторителот на фемицид и порано бил осуден на казна затвор за насилство што го извршил врз жртвата на фемицид.

**Пропуст на судот како отежнувачка околност да ги оцени порано извршените кривични дела спрема член на семејството на жртвата на фемицид**

Првостепениот суд, по укинувањето на пресудата што му била изречена на сторител за обид за убиство на неговата сопруга при вршење на семејно насилство, донел нова пресуда со која на сторителот му изрекол казна затвор во траење од три години. Сторителот и порано бил осуден за кривично дело силување што го извршил врз сестрата на неговата сопруга. Судот во пресудата само декларативно навел дека поранешната осудуваност на сторителот е отежнувачка околност, пропуштајќи да ја оцени тежината на ова родово-базирано кривично дело и фактот дека било сторено спрема сестрата на сопругата на сторителот, што укажува дека се работело за злоупотреба на односот на доверба.

Судот пропуштил како отежнувачка околност да го оцени фактот дека еден сторител на фемицид во неколку наврати, дури и на своето работно место како сообраќаен полицаец, му се заканувал на таткото на жртвата, кој се противел на нејзината врска со сторителот. Иако таткото на жртвата повеќе пати го пријавувал однесувањето на сторителот кон него и неговото семејство, овие пријави не биле процесуирани, што на сторителот веројатно му дало дополнително чувство на надмоќност.

**Околноста дека сторителот на фемицид порано вршел насилство врз жртвата (фактички поврат) треба да се оцени како отежнувачка околност, особено кога насилството се повторувало во подолг временски период, без оглед дали насилството било пријавувано и дали надлежните органи презеле некакви активности во врска со тоа насилство**

Истражувањата покажуваат дека во многу случаи на фемицид врз партнерка му претходело насилство кое сторителот го вршел врз жртвата, често во присуство на деца, членови на семејството и трети лица. Судот за поранешното насилство дознавал во кривичната постапка од сведоците кои ги сослушувал, најчесто од другите членови на семејството и децата. Во некои случаи во списите на предметот има информации дека на сторителот и претходно му биле изречени итни мерки за заштита поради насилство врз жртвата. Околноста дека сторителот порано вршел насилство врз жртвата на фемицид, особено ако тоа насилство се повторувало, секогаш треба да се оцени како отежнувачка околност бидејќи поранешното насилство сведочи за насилничкото однесување на сторителот и злоупотребата на моќта што ја имал над жртвата. Како отежнувачка околност треба да се сметаат сите видови насилство кои сторителот претходно ги извршил врз жртвата, како што се физичко, сексуално и психичко насилство, вклучувајќи и следење, закани дека ќе ја убие жртвата или членовите на нејзиното семејство, што кај жртвата предизвикуваат чувство на загрозеност и страв за својот живот и безбедност и за животот и безбедноста на членовите на своето семејство, што дополнително ја одржува моќта на насилникот над жртвата на насилство.

**Примери:**

Малолетните синови на жртвата и сторителот на фемицид, сослушани како сведоци во текот на кривичната постапка, пред судот изјавиле дека таткото „бил насилен кон нив и мајката, но дека имало денови кога не пиел и тогаш бил добар. Дента кога мајката ја напуштила брачната заедница, таткото започнал расправија за ситница и ја нападнал мајката, а тие ја бранеле. Настанот завршил така што сторителот со тупаница го удрил малолетниот син А. и му скршил заб, го удрил другиот син Е. по главата, а оштетената, која бегала по патот, ја пристигнал и ја удрил со нога по грбот". Според сведочењето на еден од малолетните синови, „два дена пред критичниот настан, татко ми во текот на ноќта ѝ се јави на мајка ми и ја малтретираше така што повторно ѝ кажуваше сешто и пцуеше". Тој лично го видел татко му како со своето возило кружи пред куќата во која сведокот живеел со мајка му. Меѓутоа, судот не го оценил поранешното насилство од сторителот врз жртвата и своите деца како отежнувачка околност.

Првостепениот суд осудил еден сторител на казна затвор во траење од седум години и шест месеци за кривичните дела убиство извршено со активирање рачна бомба и недозволено производство и промет со оружје и експлозивни материи. Иако во постапката било утврдено дека на сторителот порано му била изречена мерката забрана на приближување до жртвата, што сведочи за насилниот образец на однесување на сторителот, судот не ја ценел оваа околност како отежнувачка.

Еден сторител бил осуден на казна затвор во траење од 15 години заради убиство на сопругата која го напуштила по 10 години брак. Сведоците во текот на постапката сведочеле дека сторителот долга низа години вршел брутално физичко и психичко насилство врз жртвата на фемицид. Сослушаните сведоци сведочеле дека повеќе пати виделе модринки на телото на жртвата, дека сторителот ја нарекувал жртвата со погрдни имиња, ја навредувал, ја удирал од чист мир и поради банални причини, ја претепувал така што била „модра и поцрнета од ќотек", дека непосредно пред одморот „ја убил од ќотек", дека била „сета црна" и дека на телото „немало место без модринки". Меѓутоа, како отежнувачка околност не бил оценет фактот дека сторителот долга низа години вршел насилство врз жртвата, дека го контролирал нејзиното движења и постојано ја сомничел за неверство.

**Кога мотивот за фемицид е љубомора или одмазда заради напуштање на сторителот, тие мотиви треба да се оценат како отежнувачка околност ако при квалификацијата на делото не биле третирани како ниски побуди**

Истражувањата покажуваат дека кај фемицид во партнерска врска доминантни мотиви се љубомората и одмаздата поради раскинување на брачна/вонбрачна заедница или емотивна врска, што е манифестација на желбата за исклучиво поседување на партнерката, неможност за контролирање на нејзиното однесување и управување со нејзиниот живот и сексуалност. Сторителите често пати изјавувале дека никогаш не би го сториле кривично дело ако нивната партнерка била „верна“, ако „не нашла друг маж“, ако не ја прекинала „партнерската врска“, ако не биле напуштени од партнерката, ако таа се согласела да се помири, ако го прифатела тоа што било барано од неа. Поради неможност да ја остварат својата моќ над сопругата или партнерката, сторителите под влијание на негативните афекти на лутина и бес започнувале расправии и психичко злоставување, што кулминирало со извршување на фемицид. Иако љубомората и одмаздата претставуваат ниски побуди кои треба да се третираат како квалификаторни околности, во праксата ретко им се придава такво значење. Во случаите на фемицид во кои љубомората или одмаздата при квалификување на делото не биле третирани како ниски побуди, неопходно е тие при одмерувањето на казната да се ценат како отежнувачки околности. Љубомората како мотив за извршување на фемицид треба да се оцени како отежнувачка околност, без потреба да се испитува дали постоел повод за љубомора.

**Примери:**

**Пропуст на судот да ја оцени одмаздата поради напуштање како отежнувачка околност**

Првостепениот суд го осудил сторителот на фемицид на казна затвор во траење од 30 години затоа што на свиреп и подмолен начин ја лишил од живот својата сопруга. Второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда во однос на правната квалификација на кривичното дело и изречената казна, па на сторителот му изрекол казна затвор за т.н. обично убиство во траење од 15 години. Ниту

првостепениот суд, ниту второстепениот суд не оцениле како отежнувачка околност дека мотивот за фемицидот бил одмазда на сторителот поради тоа што жртвата го напуштила по долгогодишно малтретирање и насилство.

**Пропуст на судот да ја оцени љубомората како отежнувачка околност**

Сторителот со судска пресуда бил осуден на казна затвор во траење од 14 години за убиство на сопругата. Судот при одмерувањето на казната не го ценел како отежнувачка околност фактот дека мотивот за убиството бил љубомора поради сомнение за неверство и одмазда кон жртвата заради напуштање на брачната заедница, иако самиот сторител на главната расправа детално ги изнел своите сомненија за наводното неверство на сопругата и го објаснил начинот на кој ја следел и контролирал нејзината комуникација преку мобилен телефон и социјалните мрежи, убеден дека тоа се околности кои му одат во прилог и го оправдуваат неговиот чин.

**Непотребно толкување на однесувањето на жртвата**

Во пресуда со која сторителот бил осуден на казна затвор во траење од седум години заради лишување од живот на својата поранешна вонбрачна партнерка, судот во образложението на пресудата навел дека сторителот го извршил делото „поради непроверени и лажни информации кои се однесуваат на приватниот живот на оштетената“. Нејасни се причините поради кои судот ја вклучил ваквата констатација во образложението на одлуката за казната, ниту е јасно врз основа на што судот заклучил дека информациите за приватниот живот на жртвата откако таа го напуштила сторителот се „непроверени и лажни“. Наместо сомнежите на сторителот во врска со однесувањето на неговата поранешна вонбрачна партнерка да ги поврзе со неговата љубомора и да ја толкува љубомората како израз на неговата посесивност и желба да ја контролира сексуалноста на поранешната вонбрачна партнерка, судот ги оквалификувал информациите за нејзиниот приватен живот како непроверени и лажни, па може да се заклучи дека одлуката на судот би била поинаква доколку информациите за нејзината врска со друг маж биле точни.

Во еден случај на фемицид, што судот го оквалификувал како убиство на миг, е утврдено дека однесувањето на жртвата влијаело врз однесувањето на сторителот. Во пресудата е наведено дека на прославата на која жртвата била со сторителот, таа „со своите постапки и однесување им се нафрлала на други мажи, им седела во скут, ги прегрнувала, ги фаќала за половиот орган, ги влечела за рака да танцуваат со неа, што кај обвинетиот, со кого била во емотивна врска, предизвикало субјективно чувство на посраменост, пониженост и афектна лутина и бес, во која состојба обвинетиот се наоѓал и откако тие ја напуштиле прославата, па и кога се вратиле дома, каде што обвинетиот ја лишил жртвата од живот“.

**Како отежнувачка околност треба да се оцени фактот дека сторителот го извршил фемицидот на свиреп начин, односно, на начин што ѝ нанесувал голема болка, страв и страдање на жртвата, доколку свирепоста не е земена предвид како квалификаторна околност**

Во дел од судската пракса како отежнувачка околност не е оценет фактот дека сторителот при извршувањето на кривичното дело покажал свирепост, нанесувајќи ѝ прекумерна болка и страдање на жртвата. Без оглед на тоа што секое насилно лишување од живот е следено со нанесување болка и предизвикување страв, во случаите кога болките на жртвата според нивниот интензитет и траење се енормни, потребно е таа околност да се оцени како отежнувачка.

**Примери:**

**Согледување на особената бруталност при извршување на кривичното дело како отежнувачка околност**

Второстепениот суд ја укинал првостепената пресуда во поглед на квалификацијата на кривичното дело и казната, сметајќи дека не постојат услови кривичното дело да се оквалификува како убиство на свиреп и подмолен начин, но на сторителот му изрекол максимална казна за т.н обично убиство, земајќи ја предвид „особената

бруталност на обвинетиот", за кого е утврдено дека сопругата ја лишил од живот „со 16 убодни рани со нож", „дека била свртена со лицето кон напаѓачот кој држел нож, дека додека се бранела од нападот и при здобивањето со секоја од наредните повреди трпела сè поголема болка, а со тоа и сè поголем страв до степен на ужаснатост, поради чувството на изразита загрозеност на сопствениот живот, дека смртоносната повреда била нанесена меѓу последните". Судот како отежнувачка околност го ценел и фактот дека обвинетиот ја „искористил довербата на оштетената, која се согласила да влезе со него во тоалетот, каде што имала значително ограничена можност за пружање отпор".

**Несогледување дека отежнувачка околност е тоа што жртвата како последица од извршеното кривично дело претрпела големи болки и страдање**

Судот не сметал дека отежнувачка околност е фактот дека „сторителот ја лишил сопругата од живот удирајќи ја по главата 20-24 пати со метален пехар со мермерно подножје", иако во постапката е утврдено дека таа поради тоа претрпела голем страв, страдање и болки.

**Несогледување на специфични околности сврзани со начинот на извршување на кривичното дело**

Првостепениот суд во еден предмет го осудил сторителот на казна затвор во траење од 35 години за кривичното дело убиство со умисла на повеќе лица (сопругата и нејзиниот емотивен партнер), имајќи ја предвид „бројноста на повредите нанесени со секира и нож, упорноста во извршувањето на кривичното дело со покажана безобзирност и свирепост, бројноста и тежината на телесните повреди, видот и карактерот на смртоносните повреди". Второстепениот суд, постапувајќи по жалбата од бранителот на сторителот, ја преиначил пресудата и го осудил сторителот на 30 години затвор, оценувајќи дека казната на сторителот му е „престрого одмерена", дека судот погрешно ја оценил тежината на последиците како отежнувачка околност, бидејќи вообичаените последици од кривичното дело, кои се елемент на неговото битие, како што е случај овде, не можат да

се ценат како отежнувачка околност, туку само ако значително ја надминуваат тежината што законот ја пропишува за тоа дело преку групниот и посебниот објект на заштита".

**За адекватно казнување на сторителите на обид за фемицид, потребно е правилно да се согледаат штетните последици што ги претрпела жртвата, вклучувајќи и посттрауматски стресен синдром на жртвата**

Во случаите на обид за фемицид, вниманието првенствено е насочено кон проценка на телесните повреди што ѝ се нанесени на жртвата, кои детално се опишуваат во наодот на вештаците, а помало внимание му се посветува на психичкото страдање, вклучувајќи ги и долгорочните психолошки последици од траума. При одмерување на казната потребно е да се образложи причинско-последичната врска помеѓу обидот за фемицид и сите идни штетни последици за физичкото и менталното здравје на жртвата, вклучувајќи го посттрауматскиот стресен синдром, кој често се поврзува со депресија, анксиозност и други психолошки состојби.

**При одмерување на казната треба да се оцени ранливоста на жртвата како отежнувачка околност**

Судот со посебно внимание треба да пристапи кон оценување на одредени фактори поврзани со жртвата кои можат да укажат на фактот дека жртвата спаѓа во категоријата на посебно ранливи лица. Тие фактори се возраста, здравствената состојба, инвалидитетот (попреченоста), но и други фактори на ранливост која е искористена од сторителот, што оправдува тие фактори при одмерувањето на казната да се оценат како отежнувачки околности.

**Како отежнувачка околност треба да се оцени фактот дека фемицидот бил извршен во присуство на деца, или децата го слушнале извршувањето на фемицидот, односно, се соочиле со неговите последици**

Судовите воглавно како отежнувачка околност го оценуваат фактот дека фемицидот бил извршен во присуство на деца. Во пресудите особено се апострофира дека децата останале без мајка и „мајчинска љубов", особено кога станува збор за деца од помала возраст. Во случаите на упатување

закани за убиство во присуство на деца, што му претходело на самиот чин на убиство, оваа околност обично не се согледува како отежнувачка околност, иако овие закани кај децата предизвикуваат страв со висок интензитет, што треба да се оцени како отежнувачка околност. Исто така, како отежнувачка околност треба да се оцени фактот дека децата, иако не биле сведоци на извршувањето на кривичното дело убиство, односно, обид за убиство, имале можност да ги слушнат звуците од местото каде што било извршено кривичното дело или да ги видат последиците од делото по неговото извршување, што е крајно трауматично искуство.

**Примери:**

**Правилно оценување на последиците од фемицидот врз децата**

Судот го осудил сторителот на казна затвор во траење од 30 години за убиство од ниски побуди, а како отежнувачка околност го оценил фактот дека две малолетни деца останале без мајка, дека сторителот „ги лишил од мајчинска љубов на возраст кога тоа им било најпотребно, дека им наметнал бреме кое ќе го носат до крајот на животот, дека малолетниот син Б.М. ќе остане трауматизиран до крајот на животот бидејќи го видел трупот на својата убиена мајка“.

При одмерувањето на казната за сторител на фемицид, кого судот го осудил на казна затвор во траење од 40 години, судот како отежнувачка околност го зел предвид, меѓу другото, фактот дека на извршувањето на кривичното дело присуствувале малолетните синови на жртвата. Едниот од нив детално го опишал чинот на убиството на мајката: „Додека мајката била во клечечка положба на подот, обвинетиот ѝ пришол и со левата рака ја фатил во пределот на брадата, повлекувајќи ѝ ја главата нагоре и со сечилото од ножот што го држел во десната рака ја расекол во пределот на вратот.“ Малолетниот сведок изјавил дека бил преплашен и не можел ништо да направи, бидејќи се плашел дека сторителот би можел да ги повреди и него и брат му. Го фатила паника. Крвта се распрскала на подот и видел голем локва крв.

**Пропуст на судот како отежнувачка околност да го оцени фактот дека малолетното дете непосредно по извршувањето на убиството ја видело убиената мајка**

Судот го осудил сторителот на казна затвор во траење од 12 години, пропуштајќи како отежнувачка околност да го оцени фактот дека малолетното дете на сторителот и жртвата ги затекнало раскрвалениот татко и убиената мајка и вриштејќи излегло од собата.

**Пропуст на судот како отежнувачка околност да ги оцени заканите за убиство што биле упатени до жртвата преку нејзините малолетни деца**

Судот како отежнувачка околност не го оценил фактот дека сторителот пред извршувањето на фемицидот се заканувал дека ќе ја убие жртвата така што повеќе пати им ги соопштил заканите на нивните заеднички малолетни деца кои, видно вознемирени, ја молеле мајка им да бега.

> **Признанието за извршување на кривичното дело не треба автоматски да се оцени како олеснувачка околност, туку да се согледа во контекст на сите факти кои се однесуваат на самото кривично дело и сторителот**

Во судската пракса, признавањето на кривично дело често пати некритички се оценува како олеснувачка околност, без да се води сметка за причината за признавањето на кривичното дело, мотивите поради кои било дадено признанието, придонесот кон утврдување на фактите итн. Од друга страна, образложенијата на пресудите во делот на одлуката за казната воглавно не ги содржат причините поради кои признавањето на кривичното дело било оценето како олеснувачка околност. Ваквата пракса е погрешна. Доколку сторителот бил фатен на дело или ако го извршил кривичното дело во присуство на сведоци, на јавно место и слично, признавањето на кривичното дело не може да се земе како олеснувачка околност. Такво значење не треба да му се придава на т.н тактичко признание, кое не е дадено по извршувањето на кривичното дело, туку на крајот од кривичната постапка, кога сторителот, притеснет од доказите, ќе го признае делото за да влијае врз намалување на казната. Признанието на кривичното дело не треба да се смета како олеснувачка околност

доколку сторителот го признал основниот облик на убиство, а судот го оквалификувал кривичното дело како тежок облик на убиство.

**Примери:**

Судот го осудил сторителот на казна затвор во траење од 30 години за кривичното дело тешко убиство – лишување од живот на свиреп или подмолен начин, оценувајќи го, како олеснителна околност, фактот дека сторителот го признал извршувањето на кривичното дело, иако признанието на ниту еден начин не придонело за утврдување на фактите поврзани со извршувањето на делото, кои и пред признанието биле целосно расветлени.

Судот осудил еден сторител на казна затвор во траење од 20 години за кривичното дело тешко убиство – лишување од живот на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал. Судот при одмерувањето на казната му придал големо значење на признавањето на делото како олеснувачка околност, иако од списите на предметот произлегува дека дел од одговорноста за делото префрлил врз жртвата.

Со првостепената пресуда на сторител му е изречена казна затвор во траење од 10 години за обид за убиство на својата вонбрачна сопруга. По укинувањето на пресудата, во повторно водената постапка, јавниот обвинител го преквалификувал кривичното дело и го обвинил сторителот за кривичното дело тешка телесна повреда, а потоа сторителот го признал кривичното дело, што судот го оценил како олеснувачка околност и на сторителот му изрекол казна затвор од три години.

## Каењето на сторителот не треба по автоматизам да се оцени како олеснувачка околност

На каењето на сторителот, како негов однос кон извршеното кривично дело, често во праксата му се придава значење на олеснувачка околност, иако тоа во одредени околности претставува отежнувачка околност. Ако на фемицидот му претходело насилство врз жртвата во подолг временски период, каењето треба да се согледа како неискрен гест на сторителот што е насочен кон намалување на казната, а тоа во таков случај би можело да

претставува отежнувачка околност. Затоа, каењето треба да се анализира во контекст на сите факти на случајот, имајќи на ум дека сторителот можеби искрено се кае, но можно е и со каењето свесно да го доведува судот во заблуда во поглед на својот однос кон извршеното кривично дело.

**Примери:**

Сторителот бил огласен за виновен за кривичното дело тешко убиство – лишување од живот на свиреп или подмолен начин, а судот како олеснувачка околност го ценел неговото „искрено жалење и каење за она што го сторил“, потпирајќи се само врз исказот на сторителот дека се кае.

Судот како олеснувачка околност го оценил каењето на сторителот, иако во списите на предметот нема докази кои го потврдуваат тој факт.

**На коректното однесување на сторител пред судот не треба да му се придава значење на олеснувачка околност**

Коректното однесување на сторител во текот на постапката често пати се наведува во пресудите како олеснувачка околност, иако тоа апсолутно се претпоставува и не треба да му се придава значење на олеснувачка околност. Доколку сторителот во текот на постапката се однесува со непочитување кон судот или кон другите учесници во постапката, судот треба да го констатира овој факт, а во случај на упатување закани или напади врз учесниците во постапката, таа околност може да ја оцени како отежнувачка.

**На брачниот и семејниот статус на сторителот не треба по автоматизам да им се придава значење на олеснувачки околности, туку треба внимателно да се пристапи кон нивно согледување, во склоп на сите објективни и субјективни околности на извршениот фемицид**

Во пресудите често пати како олеснувачки околности се наведуваат фактите дека сторителот е „семеен човек“, „татко на две деца“, „разведен“ и слично, без да се согледаат околностите сврзани со жртвата и мотивите за извршување на кривичното дело. Во некои случаи, жртва на фемицид

е мајка на децата која сторителот насилно ја лишил од живот, па во такви ситуации е сосема несоодветно фактот дека сторителот е татко на тие деца да се смета како олеснувачка околност. Ниту статусот на разведен брачен другар не е, сам по себе, олеснувачка околност, особено во ситуации кога разводот бил иницииран од жртвата поради насилството кое таа го трпела, како и во ситуации кога мотивот за извршување на фемицидот бил токму одмаздата кон неа поради нејзината одлука да го раскине бракот или врската со сторителот.

**Пример:**

Судот како олеснувачка околност го оценил фактот дека сторителот е татко на две малолетни деца, иако во текот на постапката е утврдено дека пред убиството на сопругата бил насилен и кон своите деца, дека на едното дете му скршил заб со силен удар, а другото дете го удрил во главата, како и дека вршел насилство врз мајката на децата во нивно присуство, па така и самите деца биле изложени на психичко насилство. Занемарен е и фактот дека сторителот по извршеното убиство влегол во куќата и ги измил рацете пред детето со кое живеел, ја соблекол крвавата облека и му соопштил на детето дека ја убил мајка му.

**Фактот дека оштетените лица не се придружиле кон кривичното гонење и/или не истакнале имотноправно барање не претставува околност на која автоматски треба да ѝ се придаде значење на олеснувачка околност**

Во случаите на убиство и обид за убиство, непридружувањето кон кривичното гонење и неподнесувањето на имотноправно барање од страна на оштетени лица не претставуваат околности на кои автоматски треба да им се придаде значење на олеснувачки околности, бидејќи причините за таквиот став можат да бидат различни, вклучувајќи и страв од одмазда од сторителот и членовите на неговото семејство.

**Пример:**

Сторителот, кој бил обвинет за обид за убиство на неговата вонбрачна сопруга, со конечна пресуда бил осуден на три години затвор, а судот како една од олеснувачките околности го оценил фактот дека жртвата не се придружила кон кривичното гонење, ниту побарала надомест на штета.

### Намалената пресметливост треба да се оцени како олеснувачка околност само во исклучителни случаи кои се утврдени со кривичното законодавство

Во случаите на фемицид треба внимателно да се пристапи кон потенцијална квалификација на битно намалената пресметливост како олеснувачка околност, согледувајќи ја во контекст на побудите и причините за состојбата на намалена пресметливост на сторителот. Во случаи кога сторителот извршил фемицид во алкохолизирана состојба во која свесно се довел, при што делото било опфатено со неговата умисла или небрежност (т.н. самопредизвикана непресметливост), состојбата на битно намалена пресметливост не може да биде основа за ублажување на казната. Напротив, извршувањето на фемицид под дејство на алкохол или дрога треба да се оцени како отежнувачка околност. Од друга страна, состојбата на афектен бес, која е резултат на особините на личноста и личните својства на сторителот (на пример, одмаздољубивост поради фактот дека жртвата го напуштила сторителот заради друг маж), а не последица на напад, злоставување или тешко навредување од страна на жртвата, не треба да се земе како олеснувачка околност. Во врска со тоа, доколку мотивот за убиството е одмазда заради напуштање на сторителот од страна на жртвата и засновање нова врска меѓу жртвата и друг маж, оваа околност не треба да се смета како олеснувачка, туку како отежнувачка, бидејќи неприфаќањето на овие факти е израз на негативниот однос на сторителот кон жртвата, на која тој гледа со потценување и омаловажување, третирајќи ја како своја сопственост.

### Придонес на жртвата кон извршување на кривичното дело

Истражувањата покажуваат дека судот во повеќето пресуди констатирал дека жртвата со своето однесување не придонела за извршување на кривичното дело. Сепак, има и пресуди во кои судот зел

предвид дека жртвата на фемицид вербално го навредувала сторителот и „го засилила ефектот на лутина и бес кај него", при што судот го утврдил фактот на наводната вербална навреда само врз основа на изјавата на сторителот, што е погрешно и неприфатливо.

### Околноста дека фемицидот останал во обид не треба да се оцени како олеснувачка околност

Во некои случаи како олеснувачка околност погрешно е оценет фактот дека фемицидот не бил довршен, т.е. останал во обид и дека во конкретниот случај немало последица од кривичното дело. Иако нивото на загрозеност на заштитеното добро во случај на обид за фемицид е пониско отколку во случај на довршен фемицид, ваквиот став не може да се прифати како оправдан. Обидот е една од фазите во извршувањето на кривичното дело, тој се наоѓа меѓу подготвителните дејствија и довршеното кривично дело. Обидот претставува факултативна основа за ублажување на казната и може да се третира како олеснувачка околност ако, на пример, со однесувањето на сторителот по извршувањето на кривичното дело се отстранети последиците. Меѓутоа, ако кривичното дело останало во обид само затоа што довршувањето на делото било спречено со дејствија на жртвата или поради некои други околности (на пример, навремено пружање лекарска помош), тогаш фактот дека изостанала последицата не може да се третира како олеснувачка околност.

### Оценка на други лични околности кои се однесуваат на сторителот

Во праксата им се посветува малку внимание на личните околности кои се однесуваат на жртвата (возраст, здравствена состојба, вработеност, имотна состојба итн.). Меѓутоа, тие околности често се земаат предвид како олеснувачки кога се однесуваат на сторителот. Така, на пример, како олеснувачки се земаат околностите дека сторителот е постаро лице, „со лоша здравствена состојба", има „висок крвен притисок", боледува од дијабетес, не е вработен, нема постојан приход и слично, без дополнително објаснување на причините поради кои, во контекст на конкретниот случај, судот смета дека треба да им придаде значење на олеснувачки околности. Таквиот пристап при вреднувањето на спомнатите околности не е адекватен.

**Пример:**

Судот го осудил сторителот на казна затвор од 12 години за кривичното дело убиство на член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал, а како олеснувачка околност го оценил тоа што на сторителот му е „нарушено здравјето бидејќи бил опериран“, иако останува нејасно од кои причини судот така го оквалификувал наведениот факт.

## Родово освестување – пат кон родово-сензитивен пристап при одмерување на казната

Праксата покажува дека за правилно одмерување на казната за фемицид, како најтежок облик на родово-базирано насилство, неопходно е да се разбере специфичната природа на ова насилство и неговите структурни причини, кои произлегуваат од нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, кои се длабоко вкоренети во матрицата на патријархалната култура. Анализата на судските одлуки во случаите на родово-базирано насилство покажува дека родовите стереотипи и предрасуди кај правните професионалци придонесуваат и ја одржуваат културата на неказнивост за насилство врз жените. Тие се главната причина поради која при процесуирањето на случаите на насилство врз жените, вклучувајќи го и фемицидот, како негов најтежок облик, доаѓа до своевидна „неутрализација“ на родовите димензии на насилството врз жените и се игнорираат прашањата за родово-базирана нерамнотежа на моќта меѓу жртвата и сторителот.

Одмерувањето на делотворна и сразмерна казна за сторителите на фемицид, што е подобна да одвраќа од вршење фемицид, подразбира правилна квалификација на кривичното дело и оценување на отежнувачките и олеснувачките околности. Овие сложени процеси понекогаш се под влијание на родовите предрасуди на носителите на правосудните функции, кои се засноваат врз родови стереотипи. Тие можат негативно да влијаат врз перцепцијата на фактите, разбирањето на причините за одредени однесувања на жртвата и на сторителот, правилната проценка на кредибилитетот на сведоците и слично, што во крајна линија може да ги компромитира и да ги загрози непристрасноста и кредибилитетот на правосудниот систем. Патријархалните родови норми, вредности и верувања во голема мера ја обликуваат структурата

на општеството и односот помеѓу општеството и поединците или групите. Тие често влијаат врз животните одлуки, но и врз професионалната работа и делувањето на институциите на системот. Имајќи предвид дека во патријархалната култура постои широка распространетост на сексистички ставови меѓу сите членови на општеството, вклучувајќи ја и правосудната заедница, тие можат да влијаат врз професионалната работа и делување на правосудните институции. Дури и стручњаците кои работат со жени кои се жртви на насилство оценуваат дека родовите стереотипи и предрасуди можат многу да влијаат врз професионалната работа и дека во одредени ситуации е тешко да се одвојат личните ставови од професионалните ставови.

Истражувањата покажуваат дека клучната причина за неразбирање на родовата базираност на насилството врз жените, вклучувајќи го и фемицидот, е длабоко вкоренетиот институционален сексизам. Сексистичките предрасуди се изразени меѓу сите членови и членки на општеството, вклучувајќи ги и оние кои работат во правосудството. Како што е видливо од анализата на судската пракса, случаите на фемицид мотивирани од љубомора воглавно не се квалификуваат како убиства од ниски побуди, бидејќи не се препознава дека љубомората е, во суштина, израз на посесивност и чувство на „сопственост" над жената и нејзината сексуалност. Манифестацијата на родови стереотипи и сексистички предрасуди се огледа и во тоа што погрешно се согледуваат олеснувачките и отежнувачките околности, како што се каење на сторителот, „провоцирање" на сторителот со „непримерно" однесување на жртвата, напуштање на сторителот и слично. Затоа, елиминирањето на родовите стереотипи и предрасуди преку родово освестување и унапредување на родовите компетенции на носителите на правосудни функции е од клучно значење за обезбедување еднаквост и правда за жртвите на родово-базирано насилство, вклучувајќи и фемицид.

# » ЖРТВИ И ОШТЕТЕНИ ЛИЦА

Судовите во сите фази од судската постапка треба да постапуваат во согласност со стандардите на правото на правично судење и да ги преземаат сите неопходни мерки за заштита на правата на жртвата. Преку извршувањето на одредени судски дејствија, судот покажува дали однесувањето на сторителот заслужува општествена осуда или таквото однесување се толерира во општеството. Целта на кривичната постапка во предметите кои вклучуваат насилство врз жените (обид за фемицид, фемицид) треба да биде првенствено да се овозможи безбедност на жртвата (кај обид за фемицид), да се повика сторителот на одговорност заради извршеното кривично дело и да се испрати јасна порака до општеството дека насилството врз жените не се толерира.[65] Ова е многу значајно за жртвата на кривично дело (обид за фемицид) бидејќи со донесување на судската одлука и изрекување на санкција на сторителот се очекува сатисфакција за претрпеното насилство и настанатата штета.

Кога се говори за заштита на правата на жртвите на меѓународен план, покрај Европската конвенција за човековите права треба да се спомне и Европската конвенција за надомест на штета на жртвите на насилни кривични дела,[66] која е заснована врз обврската на државите да им ја надоместат штетата на жртвите на кривични дела, како и Декларацијата за основните начела на правдата за жртвите на кривични дела и злоупотреба на власта,[67] која е усвоена од Обединетите нации и се смета како основен

---

[65] Konul Derya, G.(2013) Smernice za rodno-odgovoran pristup presuđivanju u predmetima rodno-zasnovanog nasilja, https://www.pars.rs/public/Dokumenti/Publikacije/1185/Smernice-za-rodno-odgovoran-pristup-presudjivanju-u-predmetima-rodno-zasnovanog-nasilja.pdf

[66] European Convention on the Compensation of Victims of Violent Crimes, European Treaty Series – No.116, Strasbourg 24.XI.1983. Во Конвенцијата е наведено дека жртвите, како и роднините на оние кои биле убиени во текот на извршување на кривично дело, имаат право на надомест на штета од државата доколку не можат да бидат обесштетени од некој друг извор. Правото на надомест на штета се применува дури и во оние случаи кога сторителот не е обвинет или осуден. За жал, многу мал е бројот на земји кои ја ратификуваа оваа конвенција, која стапи на сила на 1.2.1988 година.

[67] Declaration of basic principles of justice for victims of crime and abuse of power – GA Res,

документ за правата на жртвите. Исто така, со Директивата на ЕУ бр. 2012/29[68] предвидено е жртвата да има право во рамките на кривичната постапка да добие одлука за надомест на штета од сторителот во разумен временски период, освен во случаи кога законот предвидува дека таква одлука се донесува во друга постапка, па така се нагласува потребата на жртвата да добие надомест на штета веднаш во кривичната постапка, а само по исклучок во некоја друга постапка.

Правата на жртвата во судска постапка, меѓу другото, опфаќаат: право на жртвата да биде третирана со почит и достоинство; да биде заштитена од повторна виктимизација; да ѝ бидат пружени сите информации за нејзините права (доставување на пресуда, изјавување на жалба, поставување на имотноправно барање); да не е изложена на предрасуди во поглед на полот, родот, расата, етничката припадност, возраста, изгледот и другите лични карактеристики; нејзиниот идентитет да биде заштитен од медиумите и да ѝ бидат поставувани само оние прашања кои се релевантни за судската постапка; право на заштита на сигурноста и преземање на сите мерки за жртвата да не биде во опасност од сторителот; право на услуги на поддршка.[69] Судот треба да постапува со посебно внимание кога жртвите припаѓаат на категоријата на особено ранливи жртви поради повеќекратна дискриминација со оглед на возраста, полот, инвалидитетот (попреченоста), статусот на имигрант или лице со регулиран престој, припадноста на етничка/верска заедница или сексуалната ориентација.[70]

---

40/34, Annex 1985, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/declaration-basic-principles-justice-victims-crime-and-abuse. Декларацијата е „Магна карта" за жртвите на кривични дела и содржи четири основни начела: право на пристап до судење и правилен третман; право на надомест на штета од сторителот; право на компензација од државата; право на неопходна материјална, медицинска, психолошка и социјална помош од волонтерски и јавни институции и организации.

[68] Директивата 2012/29/EU на Европскиот парламент и Советот (чл. 16) воспоставува минимални стандарди во врска со права, поддршка и заштита на жртвите на кривични дела.

[69] Priručnik: Sudska razmatranja slučajeva nasilja u porodici u BiH, Sarajevo, 2014 година, https://atlantskainicijativa.org/prirucnik-sudska-razmatranja-slucajeva-nasilja-u-porodici-u-bosni-i-hercegovini/

[70] Чл. 4.3 од Истанбулската конвенција налага спроведувањето на одредбите од Конвенцијата, а особено мерките за заштита на правата на жртвите, да се обезбеди без дискриминација по која било основа како што се пол, род, припадност на раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, припадност на национални малцинства, имотна состојба, статус

Се препорачува насилството спрема особено ранливи жртви, како и деградирањето и додатното понижување на жртвата да се оценат како отежнувачка околност.[71]

Положбата на жртвата (оштетеното лице) во кривичната постапка е уредена на единствен начин, без разлика на полот. Меѓутоа, во практичното постапување постојат исклучоци кои се однесуваат на кривични дела чии жртви се воглавно или претежно жени, кога им се поставуваат поголеми барања во доказната постапка, што, секако, ја усложнува нивната положба и ги изложува на секундарна виктимизација (на пример, во случај на кривични дела против половата слобода и семејно насилство). Затоа, многу важно е жртвата да нема споредна улога во кривичната постапка и да се постигне рамнотежа меѓу интересот на општеството за казнување на сторителот и интересите на жртвата, преку изнаоѓање на такви правни и организациски решенија кои, без нарушување на правата на обвинетиот, гарантираат максимална заштита на интересите на жртвата.[72]

Истражувањето на праксата на судовите при постапувањето во случаи на фемицид и обид за фемицид, што беше спроведено во земјите од Западниот Балкан, покажа дека во судските пресуди речиси и да нема релевантни податоци за жртвите на фемицид, за разлика од жртвите на обид за фемицид, каде што има малку повеќе информации за жртвата бидејќи судот ја сослушува оштетената како сведок. Кога станува збор за фемицид, судот во текот на постапката им посветува најмногу внимание на околностите на извршувањето на кривичното дело, испитувањето на сторителот, утврдувањето дали обвинетиот сторител го извршил кривичното дело кое со обвинителниот акт му се става на товар и се грижи правото на обвинетиот на одбрана доследно да се почитува. Во пресудите се наведуваат собраните докази, содржината на судско-медицинското, судско-психијатриското и другото вештачење, наводите на одбраната на сторителот, а жртвата е целосно занемарена. Податоците за жртвата кои се дадени од сторителот и евентуално од сведоците кои се предложени од сторителот или неговиот бранител најчесто не се објективни бидејќи сторителот се обидува да покаже дека жртвата е виновна за неговото однесување, дека придонесот на жртвата бил одлучувачки за извршување на фемицидот. Жртвите се опишуваат како „невернички, прељубнички,

---

стекнат со раѓање, сексуална ориентација, родов идентитет, возраст, здравствена состојба, брачна состојба, мигрантски, бегалски или некој друг статус.

[71] *Ibid.*

[72] Nikolić Ristanović, V. (1989), Žene kao žrtve kriminaliteta, Beograd: Naučna knjiga, стр. 48.

алкохоличарки, кавгаџијки, лица кои без причина го напуштаат сторителот и семејството, навредуваат така што на сторителот да 'му падне мрак на очи'" и слично. Дури и при сослушувањето на членовите на семејството, кои во случај на фемицид се појавуваат во судската постапка како оштетени, не се дознава доволно за жртвата и нејзините односи со сторителот, како и за нејзиниот живот пред да биде убиена. Кога се читаат судските пресуди, се добива впечаток дека никој од органите на кривичната постапка не се интересира за убиените жени, кои веќе ги нема.

Во секој случај, треба да се направат напори за промена на оваа пракса на судовите при согледување на жртвите на фемицид и обидите за фемицид. Затоа, ги предлагаме следните насоки за постапување на судовите спрема жртвите на фемицид и обид за фемицид:

» Препознавање на родово-базирано насилство и токсични родови стереотипи[73] и критичка проценка на традиционалните родови улоги во конкретен случај, кои се засноваат врз нееднакви односи на моќ меѓу жртвата и сторителот. Извршувањето на фемицид и обид за фемицид не може да се оправда со традиционални, културолошки или религиозни фактори.

» Безбедноста и благосостојбата на жртвата на обид за фемицид треба да бидат во основата на судското постапување во кривичната постапка, со преземање на неопходни мерки за заштита на нејзините права и интереси.

» Доколку тоа не е сторено во претходните фази на кривичната постапка, заради препознавање на причините и последиците од фемицидот, треба да се посвети посебно внимание на прибирање податоци од жртвата на обид за фемицид или од лицата кои се оштетени во случаи на фемицид, кои конкретно се однесуваат на: образованието, занимањето, работниот, имотниот, социјалниот и семејниот статус на жртвата, бројот на малолетни и полнолетни деца, фактичкиот и емотивниот однос со сторителот на почетокот на нивната врска и подоцна; постоењето на однос на подреденост, контрола и зависност; родовата улога во семејството; однесувањето на сторителот кон децата; дали сторителот барал да се почитуваат правилата што тој ги наметнал и дали бил лут ако тие правила не биле

[73] Petričević P., Pejović D.: Priručnik za izvještavanje o rodno zasnovanom nasilju prema ženama, Misija OEBS-a u Crnoj Gori, https://www.osce.org/files/f/documents/2/2/534203.pdf.

почитувани; дали имало насилство пред извршување на фемицид или обид за фемицид и како тоа се манифестирало; дали постои континуитет во манифестацијата на насилство; дали сторителот покажал посесивност и љубомора; дали го ограничил движењето и дружењето на жртвата со блиски луѓе, дружењето со пријателките, одењето кај родителите (постоење на социјална изолација); а ако имало физичко, психичко или економско насилство, дали и кому му било пријавувано насилството. Сите податоци треба да се прибираат со почитување на праведноста и непристрасноста и со максимално почитување на доверливоста и приватноста на жртвата.

» При сослушувањето на жртвата на обид за фемицид како сведок, судот е должен да ѝ овозможи на жртвата непречено да ја раскаже својата приказна за да се согледаат сите решавачки факти, мотиви и околности на извршување на кривичното дело, како и нејзината перцепција за личноста на сторителот, неговото однесување, меѓусебниот однос пред критичниот настан. Сите наведени околности треба да се дознаат од жртвата на обид за фемицид за да се добие вистинска слика за родово-базираното насилство, нарушената доверба меѓу членовите на семејството и манифестирањето на омраза и нетрпеливост кон жртвата.

» Испитувањето на жртвата на обид за фемицид и на оштетените во случаи на фемицид треба да се изврши без непотребно одлагање и бројот на испитувања треба да се сведе на минимум, за да се избегне секундарна виктимизација.

» Во образложениeто на пресудата задолжително да се наведат сите податоци кои се однесуваат на жртвата на фемицид и обид за фемицид, а во случај на обид за фемицид треба да се наведе и сведочењето на жртвата за да се согледа родовата димензија и родовите улоги на сторителот и жртвата и да се утврди дали имало мизогиниско постапување на сторителот.

» При изведување на доказите кај процесуирање на фемицид треба да се посвети посебно внимание на оштетените членови на потесното и поширокото семејство кои се сослушани како сведоци и да се утврди каква е нивната перцепција за односот меѓу жртвата и сторителот, какво било однесувањето на сторителот кон жртвата пред критичниот настан, дали забележале манифестирање на некаков облик на насилство врз жртвата, дали жртвата им кажала за тоа итн.

- Кога оштетеното лице е малолетно и се сослушува како сведок, судот треба да постапува во согласност со најдобриот интерес на детето, да го изврши испитувањето со помош од психолог, педагог или друго стручно лице, да го сведе на минимум бројот на испитувања, а по потреба и да го спроведе испитувањето надвор од службените простории, со употреба на технички средства за комуникација.

- Жртвата на обид за фемицид која се сослушува како сведок, доколку тоа е неопходно поради чувството на лична сигурност и сигурноста на најблиските членови на семејството, треба да биде заштитена од секундарна виктимизација со примена на различни облици на заштита на сведоци и пружање психолошка помош.

- Внимателно и критички да се оценуваат изјавите на сведоците кои настојуваат да создадат позитивна слика за сторителот и со своите изјави („сторителот е добар човек кој им помага на сите", „никогаш не бил насилен", итн.) да ја намалат неговата вина и да го релативизираат неговото однесување. Треба да се има предвид дека однесувањето на сторителот може да се разликува кон другите лица и кон членовите на семејството, сторителот може да биде добар работник и добар сосед, но и да биде насилен кон партнерката и членовите на потесното семејство.

- Доколку жртвата порано не пријавувала насилство, во доказната постапка треба да се испита дали сторителот ја прогонувал жртвата, дали ѝ се заканувал за да стекне моќ и контрола, колкав бил интензитетот на тие закани и дали жртвата се чувствувала загрозена, дали се плашела за својот живот и сигурност. Не треба да се извлекуваат негативни заклучоци поради задоцнето пријавување или непријавување на насилството. Фактот дека жртвата не го пријавила или доцна го пријавила насилството не може да се согледа како аргумент против жртвата и таа не може да се смета како одговорна за тоа.

- Ставот кон жената која е жртва треба да се формира без лични предубедувања, родово-базирани стереотипи и предрасуди (на пример, како жената треба да се однесува во одредена ситуација, како треба да се облекува, какво сексуално минато не треба да има, дека не смее да го напушти партнерот без оглед на насилството што го трпи, да биде послушна и да не го „провоцира" партнерот итн.). Родовите стереотипи, предрасуди и погрешни перцепции можат да

се манифестираат во различни фази од постапката и должност на судиите и судијките е да не дозволат предрасудите и стереотипите спрема жртвата да влијаат врз ставот кон жртвата и одлучувањето. Заштитата на жртвата од родови стереотипи треба да се третира како основно право на жртвата, што ќе создаде поголема доверба на жртвата во судскиот систем и ќе придонесе за зголемена стапка на пријавување насилство и за превенција на фемицид.

» Треба да се посвети посебно внимание на согледување на релевантните околности што му претходеле на фемицидот и на испитување на жртвите на обид за фемицид кои припаѓаат на категоријата на особено маргинализирани групи поради етничка припадност, возраст, сексуална ориентација (жени од малцинските заедници, Ромки, жени со инвалидитет или проблеми со менталното здравје, сиромашни жени, постари жени, вдовици или млади жени, девојчиња, бегалки, мигрантки, жени од селските средини, лезбејки итн.). Тие категории на жени биле изложени на дискриминација и нерамноправност во текот на нивниот живот и затоа треба да се земат предвид социјалните, психолошките, економските и културолошките пречки со кои се соочуваат. Од начинот на пристапот на судијата и судијката зависи дали ќе биде препознаено насилството и дали жртвата на обид за фемицид ќе има доверба да раскаже што доживеала.

» Во сите фази на кривичната постапка, особено на главната расправа, жртвата на обид за фемицид и лицата кои се оштетени во случај на фемицид треба да бидат информирани за сите права, за да можат да донесуваат сопствени одлуки и да знаат што се очекува од нив во постапката. Почитувањето на правото на добра информираност придонесува за поголема безбедност на жртвата, ја зајакнува жртвата и спречува секундарна виктимизација. Особено е важно жртвите да се запознаат со правото да поднесат имотноправно барање во кривичната постапка.

Горенаведените насоки треба да придонесат за развој на сеопфатен пристап кон жртвите на фемицид и обид за фемицид во судските постапки. Овој пристап, секако, налага подобрување на законските решенија, развој на служби за поддршка и помош на жртвите на семејно насилство со цел да се спречуваат обиди за фемицид и фемициди, како и организирање на соодветни обуки за судиите и судијките кои постапуваат во случаи на семејно насилство, фемицид и обид за фемицид.

# » ИМОТНОПРАВНО БАРАЊЕ

Правата на оштетеното лице (жртва на кривично дело)[74] во кривичната постапка, кои се пропишани со кривично-процесни закони(ци), опфаќаат и право на поднесување предлог и докази за остварување на имотноправно барање и предлагање на привремени мерки за неговото обезбедување.[75] Со кривично-процесните закони(ци) е пропишано дека имотноправното барање, кое е произлезено од извршување на кривично дело или противправно дејствие што со закон е одредено како кривично дело, ќе се расправи на предлог од овластено лице во кривичната постапка, ако со тоа значително не би се одолговлекувала оваа постапка. Кога судот донесува пресуда со која обвинетиот го огласува за виновен или решение за изрекување на мерката за безбедност задолжително психијатриско лекување, на оштетеното лице ќе му се досуди имотноправното барање во целост или делумно, а за останатиот дел ќе биде упатено на парнична постапка. Меѓутоа, ако податоците на кривичната постапка не пружаат веродостојна основа ниту за целосно, ниту за делумно пресудување, судот ќе го упати овластеното лице да го оствари имотноправното барање во целост во парнична постапка.

---

[74] Оштетено лице е правен назив за жртва на кривично дело. Според текстот на кривичните закони(ци), оштетен е лице кое поради извршување на кривично дело трпи материјална и/или нематеријална штета, односно, лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело.

[75] Други права на оштетениот во кривичната постапка се: да укажува на факти и да предлага докази кои се важни за предметот на докажување, да ангажира полномошник од редот на адвокатите, да ги разгледа списите и да ги разгледа предметите кои служат како доказ, да биде известен за отфрлањето на кривичната пријава или откажувањето на јавниот обвинител од гонење, да поднесе приговор против одлуката на јавниот обвинител да не поведе или да се откаже од кривично гонење, да биде поучен за можноста да го преземе кривичното гонење и да го застапува обвинението, да присуствува на подготвителното рочиште, да присуствува на главната расправа и да учествува во изведување на доказите, да поднесе жалба против одлуката за трошоците на кривичната постапка и досуденото имотноправно барање, да биде известен за исходот на постапката и да му се достави правосилната пресуда, да презема и други дејствија утврдени со закон.

Имотноправното барање, настанато како последица на извршување на кривично дело или противправно дејствие што со закон е одредено како кривично дело, може да се однесува на надомест на штета, враќање на ствари или поништување на одредена правна работа. Судот е должен да одлучува по имотноправното барање во кривичната постапка доколку се исполнети одредени услови кои се пропишани со закон. **Можноста што му е оставена на судот да не расправа за имотноправното барање во кривичната постапка е исклучок од правилото дека тоа барање треба да се расправи во кривичната постапка и оваа можност треба да се применува само кога тоа е нужно за да се избегне непотребно одолговлекување на остварувањето на тоа право на жртвата.**

За да се расправи имотноправно барање во кривична постапка, треба да се исполнат неколку услови: имотноправното барање да настанало како директна последица на извршување на кривично дело (да има материјална и/или нематеријална штета), овластеното лице (оштетеното лице, лицата кои можат да поднесат барање за надомест на штета во парнична постапка, брачниот другар, децата, родителите на оштетеното лице, а во одредени случаи и браќата и сестрите, како и вонбрачниот партнер) прецизно да го одредат и образложат своето барање и да доставaт докази, а одлуката за имотноправното барање да не ја одолговлекува значително кривичната постапка. Овој последен услов е оставен на слободна проценка на судот, кој во праксата, по правило, најчесто автоматски заклучува дека донесувањето на одлука за имотноправното барање значително би ја одолговлекло кривичната постапка и ги упатува оштетените на парнична постапка во која ќе го остварат тоа свое право.

**Истражувањето на праксата на судовите при процесуирање на фемицид покажа дека судот во сите случаи на фемициди и обиди за фемицид не одлучувал за имотноправните барања на оштетените, туку ги упатувал на парница.** Во судските пресуди воглавно нема информации дали оштетените поднеле имотноправни барања и дали во предистражната постапка и истрагата предложиле докази за претрпената материјална и нематеријална штета и висината на таа штета, а судот ја користел законската можност за упатување на жртвата/оштетеното лице на парница бидејќи заклучил дека одлучувањето за имотноправното барање би довело до одолговлекување на кривичната постапка, без притоа да даде некакво образложение. Ваквата судска пракса ја отежнува положбата на жртвата/оштетеното лице во кривичната постапка, особено кога станува збор за фемициди и обиди за фемицид, бидејќи ги изложува тие лица на дополнителни материјални трошоци и дополнителна виктимизација.

При одлучувањето за имотноправното барање на жртвата/оштетеното лице во кривичната постапка, посебно важно е јавниот обвинител во предистражната постапка и истрагата, а по исклучок и судот на подготвителното рочиште пред главната расправа или на главната расправа, ефикасно да ги прибере доказите предложени во барањето, од кои ќе зависи одлуката по барањето. Прибирањето на докази за имотноправното барање може да се врши истовремено со докажување на кривичната одговорност, на пример, со проширување на одделни наредби за вештачење. Според Насоките за унапредување на судската пракса во постапките за надомест на штета на жртвите на тешки кривични дела во кривичната постапка, усвоени од Врховниот касационен суд на Република Србија,[76] посебно треба да се има предвид дека последиците кај кривичните дела со елемент на насилство најчесто се состојат од повреда на телесниот и психичкиот интегритет и дека се манифестираат како трагови на телото на жртвата и/или нарушена психичка состојба. Овие повреди не се од траен карактер и со текот на времето постепено се намалуваат или се губат, па со тоа се губи и можноста за докажување и остварување на правото на надомест на штета.

Кога судот одлучува за имотноправно барање на жртва на обид за фемицид и лице кое е оштетено со фемицид, неопходно е:

» Одлучувањето за имотноправното барања во кривичната постапка да се третира како правило, а не како исклучок, доколку се исполнети условите за одлучување. Притоа условот што се однесува на „значително одолговлекување на кривичната постапка“ треба да се толкува рестриктивно, во согласност со начелото на ефикасно водење на постапката и заштита на правото на жртвата да не биде дополнително виктимизирана.

» Доколку не го направил тоа во поранешните фази од постапката, јавниот обвинител[77] или служба за информирање и поддршка

[76] Smernice za unapređenje sudske prakse u postupcima za naknadu štete žrtvama teških krivičnih dela u krivičnom postupku, Vrhovni kasacioni sud Republike Srbije, Misija OEBS-a u Srbiji, https://www.osce.org/sr/mission-to-serbia/437726.

[77] Според текстот на процесните закони, органот на постапката, по правило јавниот обвинител, е должен да прибира докази за одлучување по имотноправното барање дури и пред неговото поднесување. Јавниот обвинител ќе го сослуша обвинетиот и за фактите кои се од значење за имотноправното барање и ќе ги провери околностите кои се од значење за неговото утврдување. При склучување на спогодба за

на жртви/оштетени и сведоци треба на главната расправа да ја запознае жртвата на обид за фемицид и оштетените блиски роднини на жртвата на фемицид за правото на поднесување имотноправно барање и да укаже на предноста од остварување на ова право во кривичната постапка. Начинот на кој жртвите се информираат треба да биде разбирлив, без претерана употреба на правни термини.

» Да се информира жртвата на обид за фемицид и лицето кое е оштетено со фемицид за правото на правна помош, вклучувајќи го и правото на полномошник кога тоа е предвидено со закон, како и за можноста за доделување статус на особено загрозен сведок.

» Да ѝ се објасни на жртвата/оштетеното лице дека, доколку одлучи да поднесе имотноправно барање, мора прецизно да го одреди барањето и да достави докази за неговото остварување.

» Да се испита жртвата/оштетеното лице за околностите на имотноправното барање, да се покани тоа лице да поднесе докази или да предложи прибирање на одредени докази за утврдување на имотноправното барање и да му се објасни на лицето дека имотноправното барање кое се однесува на надомест на штета[78] мора да биде определено според видот на штетата (материјална и нематеријална штета), подвидовите на штетата (материјална штета: обична штета, испуштена добивка, изгубено издржување; нематеријална штета: намалена животна активност, претрпени физички болки, страв, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт или особено тежок инвалидитет на блиско лице) и висината на штетата.[79]

---

признавање на вина за кривичното дело, ако оштетениот не поставил имотноправно барање, јавниот обвинител ќе го повика да поднесе барање пред склучувањето на спогодбата.

[78] Предмет на имотноправно барање може да биде надомест на штета; враќање на движни и недвижни ствари што му припаѓаат на оштетениот, а кои се одземени при извршувањето на кривичното дело; и поништување на правна работа што произлегла од кривичното дело и е од имотна природа (на пример, поништување на договор).

[79] Smernice za unapređenje sudske prakse u postupcima za naknadu štete žrtvama teških krivičnih dela u krivičnom postupku, Vrhovni kasacioni sud Republike Srbije, Misija OEBS-a u Srbiji, 1.11.2019 година, https://www.osce.org/sr/mission-to-serbia/437726

- Да се запознае жртвата/оштетеното лице со правото да предложи привремени мерки за обезбедување на имотноправното барање за да се осигури остварувањето на имотноправното барање.

- Да ѝ/му се објасни на жртвата/оштетеното лице дека може да поднесе имотноправно барање до завршување на главната расправа пред првостепениот суд и дека може да се откаже од барањето до завршување на главната расправа и да го остварува во парнична постапка, но дека после тоа не може повторно да го поднесе барањето во таа постапка.

- Да ѝ се предложи на жртвата на обид за фемицид, која претрпела телесни повреди или има повреди од психичка природа, судот да одреди судско-медицинско или психолошко и психијатриско вештачење за да се обезбедат докази за остварување на имотноправното барање.

- Да се проверат околностите на имотноправното барање со земање изјава од обвинетиот за неговата имотна состојба, имотот што го поседува и дејствијата што ги презел на товар на имотот.

- Да се испитаат сведоците во врска со околностите на имотноправното барање со цел да се утврдат дополнителни факти и да се потврдат фактите соопштени од жртвата/оштетеното лице.

- При одлучувањето за спогодбата за признавање на вината за кривичното дело, која е склучена од јавниот обвинител и обвинетиот, да се разгледа можноста за отфрлање на спогодбата доколку таа не содржи и спогодба за имотноправното барање, ако е поднесено такво барање.

# ЛИТЕРАТУРА


- Barjaktarović, D. (2013), Inkriminacija zločina mržnje – moguć put ka jednakijem društvu, *Kultura polisa*, бр. 2
- Batrićević, A. (2016), Krivičnopravna reakcija na femicid, *Temida*, бр. 3-4, Beograd
- Beker Kosana (уред.), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Crnoj Gori, SOS Nikšić, 2023 година, достапно на: https://sosnk.org/wp-content/uploads/2023/04/Drustveni-i-institucionalni-odgovor-na-femicid-u-Crnoj-Gori-1.pdf
- Beker Kosana, Regional report: Social and institutional responses to femicide in Albania, Montenegro and Serbia, UN Women & „FemPlatz“, март 2023 година, достапен на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Regional-Report_Social-and-Institutional-Response-to-Femicide.pdf
- Beker Kosana, Judicial response to femicide in the Western Balkans: Legal framework and judicial practice, AIRE Centre, 2023, достапно на: https://gcjnetwork.org/wp-content/uploads/PUBLIKACIJE/regional-femicide-report-2023-eng.pdf ; Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан: Правна рамка и судска пракса, AIRE центар, 2023 година, достапно на: https://gcjnetwork.org/wp-content/uploads/PUBLIKACIJE/regional-femicide-report-2023-mkd.pdf
- Beker Kosana, Tanović Dalida (уред.), Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokušaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021, AIRE Centre, 2022 година, достапна на: https://www.airecentre.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=77975c73-9c31-4552-9a68-3013255c0d5f
- CEDAW: Albania (1994), Serbia (2001), Montenegro (2006), достапен на: https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-8&chapter=4&clang=_en; Istanbul Convention: Albania (2013), Serbia (2013), Montenegro (2014), достапен на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/210/signatures

- Declaration of basic principles of justice for victims of crime and abuse of power [Декларација за основните начела на правдата за жртви на кривични дела и злоупотреба на власта], GA Res, 40/34, Annex, 1985 година, достапна на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/declaration-basic-principles-justice-victims-crime-and-abuse.

- Delić, N. (1998) Kvalifikovana/teška ubistva – motivi i pobude, во: *Ubistva i samoubistva u Jugoslaviji*, Kopaonik: Srpsko udruženje za krivično pravo, стр. 73-88

- Delić, N. (2012) Krivičnopravni aspekt nasilja u porodici, во: *Nasilje u porodici – zbornik radova sa naučnog skupa*, стр. 108-127, Beograd

- Директива 2012/29/EU Европског парламента и Савета [Директива 2012/29/EU на Европскиот парламент и Советот], 2012 година, достапна на: https://www.podrskazrtvama.rs/media/medjunarodni/DIREKTIVA-2012-29-EU.pdf

- European Convention on the Compensation of Victims of Violent Crimes [Европска конвенција за надомест на штета на жртви на насилни кривични дела], European Treaty Series [Серија на Европски меѓународни договори] бр. 116, Strasbourg [Стразбур], 24.12.1983 година

- Filipović Ljiljana, Krivična djela iz mržnje i krivična djela izazivanja mržnje – Komentar relevantnih zakonskih odredaba, Misija OEBS-a u BiH, Sarajevo, 2019 година

- Габер-Дамјановска Наташа и Гајдова Габриела, Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), AIRE центар, 2023 година

- Hysi Vasilika и др., Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Qendra për Nisma Ligjore Qytetare (Center for Legal Civic Initiatives), Tirana, 2023 година, достапно на: https://www.qag-al.org/publikime/femicidi.pdf

- Jovašević, D. (2017) Krivična dela ubistva. IKSI: Beograd

» Konul Derya, G. (2013), Smernice za rodno-odgovoran pristup presuđivanju u predmetima rodno-zasnovanog nasilja, достапни на: https://www.pars.rs/public/Dokumenti/Publikacije/1185/Smernice-za-rodno-odgovoran-pristup-presudjivanju-u-predmetima-rodno-zasnovanog-nasilja.pdf

» Konstantinović Vilić, S., Petrušić, N., Beker, K. (2019), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji. Pančevo: FemPlatz

» Konstantinović-Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena, Pokušaji femicida i femicid u Srbiji: Sprečavanje i procesuiranje, Udruženje građanki „FemPlatz", Pančevo & Niš, 2021 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

» Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство – Истанбулска конвенција (2011 година), „Службени гласник РС" – Меѓународни уговори бр. 012/13

» Кривичен закон на Дистриктот Брчко на Босна и Херцеговина („Službeni glasnik Brčko distrikta u BiH", бр. 19/2020 – пречистен текст)

» Кривичен законик на Црна Гора („Службени лист РЦГ" бр. 70/2003, 13/2004 - испр. и 47/2006; „Службени лист ЦГ", бр. 40/2008, 25/2010, 32/2011, 64/2011 - др. закон, 40/2013, 56/2013 – испр., 14/2015, 42/2015, 58/2015 - др. закон, 44/2017, 49/2018 и 3/2020)

» Кривичен законик на Федерацијата на Босна и Херцеговина („Službene novine FBiH", бр. 36/2003, 21/2004 - испр., 69/2004, 18/2005, 42/2010, 42/2011, 59/2014, 76/2014, 46/2016 и 75/2017)

» Кривичен законик на Република Косово („Gazeta Zyrtare e Republikës së Kosovës", бр. 2/јануари 2019 година, Закон бр. 06/L-074, Приштина)

» Кривичен законик на Република Србија („Службени гласник РС" бр. 85/2005, 88/2005 – испр., 107/2005 – испр., 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, 94/2016 и 35/2019)

» Кривичен законик на Република Српска („Службени гласник РС" бр. 64/2017, 104/2018 – одлука на Уставниот суд бр. 15/2021 и 89/2021)

- Кривичен законик на Р. Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 37/96)
- Kuirski, J.: Nasilje u porodici, Pravosudna akademija, достапно на https://www.pars.rs/images/biblioteka/Nasilje-u-porodici-JK.pdf (пристапено на 22.3.2019 година)
- Mršević, Z. (2017) Transrodno lice pravde, Institut društvenih nauka, Beograd
- Nikolić Ristanović, V. (1989) Žene kao žrtve kriminaliteta, Beograd: Naučna knjiga
- OSCE-led Survey on the Well-being and Safety of Women, OSCE, 2019, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/2/413237_0.pdf
- Pavićević, O., Glomazić. H., Ilijić, L. (2016) Femicid kao deo strukture nasilja, *Temida* бр. 3-4, стр. 467
- Pavlović, S. (2012) Analiza pravnog položaja transrodnih i transeksualnih osoba u Republici Srbiji, во: Saša Gajin (уред.), *Model zakona o priznavanju pravnih posledica promene pola i utvrđivanja transeksualizma prava trans osoba – od nepostojanja do stvaranja zakonskog okvira*, Centar za unapređivanje pravnih studija, Beograd, стр. 50-72
- Petričević, P., Pejović, D.: Priručnik za izvještavanje o rodno zasnovanom nasilju prema ženama, Misija OEBS-a u Crnoj Gori, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/2/2/534203.pdf
- Petrušić Nevena, Žunić Natalija, Vilić Vida, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji II, Udruženje građanki „FemPlatz“, Pančevo, 2019 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Druga_publikacija_E_primerak.pdf
- Priručnik: sudska razmatranja slučajeva nasilja u porodici u BiH, Sarajevo, 2014 година, достапно на: https://atlantskainicijativa.org/prirucnik-sudska-razmatranja-slucajeva-nasilja-u-porodici-u-bosni-i-hercegovini/
- Simeunović Patić, B (2002) Ubistva heteroseksualnih partnera: kriminološke i viktimološke karakteristika, *Temida*, бр. 1, стр. 3-13

» Smernice za unapređenje sudske prakse u postupcima za naknadu štete žrtvama teških krivičnih dela u krivičnom postupku, Vrhovni kasacioni sud Republike Srbije, Misija OEBS-a u Srbiji, 1.1.2019 година, достапно на: https://www.osce.org/sr/mission-to-serbia/437726

» Statistical framework for measuring the gender-related killing of women and girls, UNODC & UN Women, 2022, достапна на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/Statistical_framework_femicide_2022.pdf

» Stojanović, Z. (2018) Komentar Krivičnog zakonika, Beograd: Službeni glasnik

» United Nations Office on Drugs and Crime, UN Women, Gender-related killings of women and girls (femicide/feminicide), 2022 година, достапно на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/2022-11/Gender-related-killings-of-women-and-girls-improving-data-to-improve-responses-to-femicide-feminicide-en.pdf

» Закон бр. 144/2013: Измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Албанија

» Закон бр. 7895 од 27.1.1995 година – Кривичен законик на Република Албанија

» Закон бр. 7905 од 21.3.1995 година – Законик за кривичната постапка на Република Албанија

» Закон за кривичната постапка на Дистриктот Брчко на Босна и Херцеговина („Službeni glasnik BD u BiH“ бр. 34/2013 – пречистен текст, бр. 27/2014, 3/2019 и 16/2020)

» Закон за кривичната постапка на Федерацијата на Босна и Херцеговина („Službene novine FBiH“ бр. 35/2003, 56/2003 – испр., 78/2004, 28/2005, 55/2006, 27/2007, 53/2007, 9/2009, 12/2010, 8/2013, 59/2014 и 74/2020)

» Закон за кривичната постапка на Република Српска („Службени весник РС“ бр. 53/2012, 9/2017, 66/2018 и 15/2021)

- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на Р(С) Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/2023 и 188/2023)
- Законик за кривичната постапка на Црна Гора („Службени лист ЦГ“ бр. 57/2009, 49/2010, 47/2024 – одлука на Уставниот суд 2/2015 – одлука на Уставниот суд, 35/2015, 58/2015 – др. закон, 28/2018 – одлука на Уставниот суд и 116/2020 – одлука на Уставниот суд)
- Законик за кривичната постапка на Косово (Законик бр. 04/2-123, 13.12.2012 година)
- Законик за кривичната постапка на Република Србија („Службени гласник РС“ бр. 72/2011, 101/2011, 12/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014, 35/2019, 27/2021 – одлука на Уставниот суд и бр. 62/2021 – одлука на Уставниот суд)
- Закон за кривичната постапка на Р(С) Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/12 и 198/18)
- Закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со дополнителни протоколи, „Службени лист Србије и Црне Горе“ – Меѓународни уговори бр. 9/2003, 5/2005, 7/2005 – исправка; „Службени гласник Републике Србије“– Меѓународни уговори бр. 12/2010